# Каталог IHF прашања од правила на ракометна игра со важност од 01.07.2025 год.

**Напомена:** Прашањата имаат минимум еден точен одговор. Одредени прашања може да имаат повеќе од еден точен одговор**.**

**Прашање:**

1. Кои димензии на терен пропишуваат правилата на ракометна игра?
а) 40 x 20 m
б) 42 x 20 m
в) 38 x 18 m
г) Должина помеѓу 38 и 42 метри, ширина помеѓу 18 и 22 метри

2 Кои се внатрешните мерки на голот?
а) 1,92 x 2,92m
б) 2,00 x 3,00 m
в) 2,05 x 3,05
г) 2,08 x 3,08 m

3 Колку е широка гол линијата помеѓу стативите?
а) 5 cm
б) 6 cm
в) 8 cm
г) 10 cm

4) Кои тврдења се точни за зоната за изведување на почетно фрлање?
а) Се состои од круг со дијаметар од 3 метри.
б) Се состои од круг со дијаметар од 4 метри.
в) Простор за почетно фрлање може да биде зона со различна боја од игралиштето.
г) Простор за почетно фрлање може да биде кружна линија.
д) Простор за почетно фрлање е задолжителен за сите ракометни настани.

5. Голманот на БЕЛИОТ ТИМ бр.1 го брани шутот и топката ја преоѓа гол-аут линијата. Веднаш после тоа се огласува автоматски завршниот сигнал од официјалниот семафор. Судиите увидуваат дека натпреварот е завршен пет минути порано. Со оглед дека играчите сеуште се на теренот, играта продолжува?
а) Со голманско фрлање за БЕЛИОТ тим
б) Со слободно фрлање за Белиот тим
в) Без знак со свирка
д) После знакот со свирка

6. Откако автоматскиот завршен сигнал огласува крај на полувремето, судиите веднаш констатираат дека првото полувреме завршило 1 минута порано. Правилна одлука?
а) Да се продолжи второто полувреме за една минута
б) Една минута е изгубена, и таа мора да се надомести
в) После одморот прво се игра една минута на истите страни како во првото полувреме, потоа се менуваат страните и второто полувреме почнува нормално.
г) Да се задржат играчите на теренот и да се одигра преостанатата една минута.

7. Играчот на Белиот тим бр. 11 шутира на голот. Голманот на Црниот тим бр.1 ја фаќа топката. Во тој момент се огласува автоматскиот сигнал за крај. Судиите му укажуваат на мерачот на времето дека од второто полувреме останале уште 30 секунди за игра. Сите играчи сеуште се на теренот. Како треба да се продолжи натпреварот?
а) Со слободно фрлање за Црниот тим
б) Со голманско фрлање за Црниот тим
в) Со слободно фрлање за Белиот тим
г) После знак на свирка
д) Без знак на свирка.

8. Белиот тим изведува слободно фрлање по финалниот свиреж. Прво играчот на Белиот тим бр.3 а потоа и бр.4 го напуштаат теренот, за да бидат заменети прво со играчот бр.5, а потоа и со играчот со бр.6, кои влегуваат во теренот. Кое од следните тврдења е точно?
а) Мерачот на време ќе сигнализира на погрешна замена на Белиот тим
б) Играчот на Белиот тим бр.4 се казнува со 2 мин исклучување поради погрешна замена
в) Играчот на Белиот тим бр.6 се казнува со 2 мин исклучување поради погрешна замена
г) Мерачот на времето нема да се огласи, бидејќи нема кршење на правилата на игра
д) Слободно фрлање за Белиот тим
ѓ) Слободно фрлање за Црниот тим

9. Слободното фрлање за Црниот тим е изведено како директен шут на голот непосредно пред крајот на натпреварот. Автоматскиот сигнал за крај на натпреварот се огласува малку порано пред топката да влезе во голот. Одлука?
а) Крај на натпреварот
б) Повторување на слободното фрлање за Црниот тим без свиреж
в) Повторување на сободното фрлање за Црниот тим со свиреж
г) Седмерец за Црниот тим

10. Малку пред крајот на натпреварот играчот на Црниот тим бр.2 ја добива топката пред линијата на голманскиот простор на Белиот тим и има јасна ситуација за постигнување на гол. Тој се обидува да постигне гол, но во тоа го спречуваат со прекршок. Пред топката да ја напушти раката на играчот на Црниот тим бр.2 се огласува сигналот за крај на натпреварот. Која е правилната одлука?
а) Крај на натпреварот
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Седмерец за Црниот тим
г) Крај на натпреварот, забелешка во записникот од натпреварот.

11. Малку пред крајот на првото полувреме мора да се изведе седмерец за Белиот тим. Играчот на Белиот тим бр.9 го изведува седмерецот, топката ја погодува стативата, таа се одбива од грбот на голманот кој стои околу 3 метри пред голот, и влегува во голот на тимот Б. Автоматскиот сигнал од официјалниот часовник се огласува во моментот кога топката лета од стативата кон грбот на голманот.
а) Гол
б) Повторување на седмерецот
в) Полувремето е завршено, нема понатамошни одлуки.

12. По истекот на времето за игра, треба уште да се изведе седмерец. Судиите го чекаат резултатот од фрлањето. Кој судија треба да го заврши натпреварот?
а) Првоименуваниот судија
б) Еден од двајцата судии
в) Судијата во поле
г) Судијата кај гол линијата

13. Кога почнува натпреварот?
а) Со свирежот на првоименуваниот судија
б) Кога топката ја напушта раката на изведувачот на фрлањето
в) Кога мерачот на време ја стартува штоперицата или службениот часовник-семафорот
г) По свирежот на судијата во поле за изведување на почетното фрлање

14. При изведување на седмерци, кој одлучува кој гол да се користи?
а) Екипата која ја добила жрепката (со фрлање на паричка)
б) Екипата која не ја добила жрепката (со фрлање на паричка)
в) Судиите
г) Првоименуваниот судија

15. Слободното фрлање за Црниот тим треба да се изведи после знакот за крај. Пред да биде изведено слободното фрлање, играчите на Белиот тим бр.8 и бр.9 го напуштиле теренот во истиот момент. Тие се заменети прво со играчот бр.10, и веднаш после тоа со играчот со бр. 11 . Која од овие одлуки е исправна?
а) Мерачот на време им сигнализира и укажува на судиите дека била погрешна замената на играчите кај Белиот тим
б) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.10 поради погрешна замена
в) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.11 поради погрешна замена
г) Мерачот на време нема да се огласи, бидејќи нема кршење на правилата на игра.
д) Играчот на Белиот тим бр.11 мора да се врати во просторот за замена на играчите, а на играчот на Белиот тим бр.8 и бр.9 му е дозволено да се врати на теренот.

16. Малку пред крајот на првото полувреме играчот на Белиот тим бр.7 физички го напаѓа играчот на Црниот тим бр.5, и при тоа спречува јасна ситуација за постигнување на гол. Автоматскиот сигнал за крај на првото полувреме се огласува пред судијата да свирне. Правилна одлука?
а) Првото полувреме е завршено; нема исклучување за играчот на Белиот тим бр.7
б) Првото полувреме е завршено; Слободно фрлање или седмерец не се можни
в) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.7; писмен извештај (судиите покажуваат црвен или прав картон)
г) Седмерец за Црниот тим
е) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.7 (судиите покажуваат црвен картон)

17. До кој момент судиите можат да поништат гол кој веќе е признат?
а) Се до свирежот за почетно фрлање
б) Се до свирежот за крај на натпреварот
в) Голот може да се поништи ако е постигнат откако мерачот а времето ја прекинал играта, исто така ако почетното фрлање е изведено пред да е констатиран прекинот.
г) Не може никогаш да се поништи.

18. Судиите досудиле аут за Белиот тим. Во тој момент службеното лице на Белиот тим побарало тим тајм-аут. Кое од наведените тврдења е точно?
а) Тим тајм-аут не може да се дозволи, додека топката е вон игра.
б) Мерачот на времето сигнализира, го прекинува мерењето на времето и покажува со рацете знак за тајм-аут (сигнализација) бр.15
в) Судиите го потврдуваат тим тајм-аутот за Белиот тим
г) Записничарот го внесува во записникот тим тајм-аутот

19. Во која ситуација тајм-аут е задолжителен?
а) Седмерец
б) 2 минути исклучување
в) Надворешно влијание
г) Дисквалификација

20. Играчот на Белиот тим бр.9 шутира на голот. Голманот на Црниот тим бр.12 ја фаќа топката. Во тој момент мерачот на време свири крај на натпреварот. Судиите му покажуваат на мерачот на време дека останале уште 30 секунди од второто полувреме. Сите играчи и понатаму се во полето за игра. Како треба да се продолжи напреварот?
а) Со слободно фрлање за Црниот тим
б) Со голманско фрлање за Црниот тим
в) Со слободно фрлање за Белиот тим
г) Задолжителен знак со свиреж

21. По завршувањето на регуларниот тек на натпреварот, резултатот е 20:20, натпреварот мора да биди продолжен се додека не се добие победникот. Правилна одлука?
а) 1 минута пауза пред почетокот на продолженијата
б) 5 минути пауза пред почетокот на продолженијата
в) 1 минута пауза на полувремето од продолженијата
г) 5 минути пауза на полувремето од продолженијата

22. Во која од овие ситуации е обавезен тајм-аут?
а) 2 минути исклучување
б) Слободно фрлање
в) Пасивна игра
г) Погрешна замена
д) Опомена
ѓ) Аут

23. На кого не му е дозволено да учествува во изведувањето на седмерците, кога натпреварот е завршен нерешено, по продолженијата?
а) На играчот кој ги навредил судиите, веднаш по завршувањето на продолженијата
б) Голманите
в) На играчот кој е иклучен на 2 минути, а исклучувањета не му е истечена до крајот на продолженијата.
г) На Дисквалификуваниот играч
д) На играчот кој примил помош на теренот, и не поминале 3 напади на неговиот тим

24. Голманот на Белиот тим бр.12 го брани шутот, 5 секунди пред крај на натпреварот. Топката го допира таванот над голманскиот простор. Автоматскиот сигнал за крај на натпреварот се огласува пред изведување на аутот од страна на Црниот тим. Одлука?
а) Аут после свиреж за Црниот тим
б) Тајм-аут
в) Натпреварот е завршен
г) Мора да се почека исходот од аутот, после што натпреварот е завршен

25. Играчот на Црниот тим бр.8 веќе има опомена. За време на тим тајм-аут тој седи на клупата и на неспортски начин им се обраќа на судиите. Одлука?
а) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.8 (судиите покажуваат црвен картон)
б) 2 минути исклучување за играчот на Црниот тим бр.8
в) Опомена за играчот на Црниот тим бр.8
г) Не се можни санкции за играчот
д) Црниот тим ќе биди редуциран за еден играч на теренот на 2 минути

26. На кого му е дозволено да учествува во процедурата при изведување на седмерците?
а) На сите играч кои се запишани во записникот на натпреварот
б) На играчите кои не се дисквалификувани
в) На играчите кои не издржуваат казна од две мин кога се завршени продолженијата
г) На играчите кои добиле дозвола од судијата

27. Слободно фрлање треба да се изведе после автоматскиот сигнал за крај на натпреварот. Играчот на Црниот тим бр.9 има исправна позиција и шутира на голот на Белиот тим. Кога топката ја напуштила раката на изведувачот, се слуша свиреж од мерачот на времето. Топката влегува во голот, така да голманот на Белиот тим бр.1 немал шанса да го одбрани шутот. Мерачот на време ги информира судиите за играчот на Белиот тим бр.7, кој влегол во полето за игра во фаза на одбрана, да го замени играчот на Белиот тим бр.6, и извршил замена, непосредно пред изведувањето. Одлука?
а) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.7 на 2 минути
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.7 (судијата покажува црвен картон)
в) Гол за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим
д) Повторување на слободното фрлање за Црниот тим после свиреж.

28. Натпреварот е завршен нерешено по продолженијата, и пропозициите налагаат победникот да го решат седмерци. Играчот на Белиот тим бр.7 добил 2 минути исклучување во 9 минута на последното продолжение. Тој е предвиден од страна на службениот претставник на тимот како изведувач на седмерец. Одлука?
а) На играчот на Белиот тим бр.7 му е дозволено да учествува
б) На играчот на Белиот тим бр.7 не му е дозволено да учествува

29. Кога тајм-аутот е задолжителен?
а) Кога службениот претставник на тимот ќе добие 2 минути исклучување б) Кога играчот ќе добие трето исклучување на 2 минути
в) По повторно неспортско однесување
г) Кога е потребно судиите меѓусебно да се консултираат
д) По опомената покажана на службеното лице на тимот.

30. Непосредно пред крајот на првото полувреме играчот на Белиот тим бр.7 физички го нападнал играчот на Црниот тим бр.5 кој поради тоа ја промашува јасната ситуација за постигнување на гол. Автоматската сирена се огласила пред судиите да имаат време да реагираат. Коректна одлука?
а) Првото полувреме е завршено, нема понатамошни акции
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.7 без писмен извештај (црвен картон)
в) Седмерц за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим
д) Дисквалификација на играчот на Белиот тим со пимен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
ѓ) Белиот тим ќе биди редуциран за еден играч на теренот на 2 минути на почетокот на второто полувреме

31. По свирежот за крај на полувремето мора да се изведе слободно фрлање. Кои играчи се уште можат да се заменат?
а) Сите играчи на двата тима
б) Само играчите на одбранбениот тим
в) Само играчите на тимот во напад
г) Само еден играч на тимот во напад
д) Играчот во поле на одбранбениот тим со голманот, доколку одбранбениот тим во моментот на сигналот за крај играл без голман на теренот.

32. Која положба мора да ја завземат играчите за време на изведување на слободното фрлање по сигналот за крај?
а) Сите соиграчи на изведувачот мораат да бидат надвор од линијата за слободно фрлање на противникот
б) Сите соиграчи на изведувачот мораат да бидат на сопствената половина на теренот
в) Противнивничките играчи мораат да бидат три метри оддалечени од изведувачот или на сопствената линија на голманскиот простор
г) Сите соиграчи мораат да бидат најмалку 3 метри оддалечени од изведувачот
д) Сите соиграчи на изведувачот можат да стојат заедно со изведувачот на линијата на слободното фрлање на противникот.

33. Играчот на Белиот тим бр.7 ја додава топката на својот соиграч бр.8. Во тој момент мерачот на време свири тимски тајм -аут за Белиот тим. Судиите и играчите не го слушаат сигналот и играчот на
Белиот тим бр.8 му ја додава топката на играчот на Белиот тим бр.10 кој е во јасна ситуација за постигнување на гол. Играчот на Белиот тим бр.10 е фаулиран од страна на играчот на Црниот тим бр.5. Судиите досудуваат пенал за Белиот тим, и го исклучуваат играчот на Црниот тим бр.5 на 2 минути. После тоа судиите сфаќаат дека мерачот на времето веќе дал сигнал затоа што е побаран тимски тајм – аут. Исправна одлука?
а) Седмерец за Белиот тим
б) 2 минути исклучување за играчот на Црниот тим бр.5
в) Тимски тајм-аут за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Белиот тим
д) Сигнал за продолжување
ѓ) Продолжување со слободно фрлање за Белиот тим, од позицијата каде играчот бр.7 бил во моментот на свирежот на мерачот на време.

34. Знакот за крај на првото полувреме се огласил 1 минута порано. Во моментот на свирежот ниту една од екипите немала посед на топката, ниту имало прекршок на правилата на игра. Топката била на подот во полето за игра. Двете екипи се сеуште на теренот. Одлука?
а) Минутата нема да се изигра
б) Мунутата ќе се изигра пред одморот за полувреме
в) Минутата ќе се изигра после одморот, пред почетокот на второто полувреме
г) Минутата се додава во второто полувреме
д) Се одлучува со фрлање на паричка, кој тим ќе ја има топката кога ќе се игра минутата. ѓ) Тимот кој последен ја имал топката во посед, има посед на топката и на почетокот на играта во продолжетокот.

35. Првото полувреме на натпреварот е завршено една минута порано. Немало кршење на правилата на игра и топката била во воздух над голманскиот простор. Голманот ја фаќа топката после звучниот сигнал. Двата тима се сеуште на теренот. Одлука?
а) Минутата нема да се одигра
б) Минутата ќе се одигра пред одморот за полувреме
в) Минутата ќе се одигра после одморот, пред почетокот на второто полувреме
г) Минутата се додава во второто полувреме
д) Тимот кој последен ја имал топката во посед, ќе има посед на топката и во продолжетокот на натпреварот
ѓ) Натпреварот продолжува со голманско фрлање

36. Првото полувреме на натпреварот е завршено една минута порано. Немало кршење на правилата на игра и топката била во воздух над голманскиот простор. По звучниот сигнал топката оди преку гол-аут линијата. Двата тима се сеуште на теренот. Одлука?
а) Минутата нема да се одигра
б) Минутата ќе се одигра пред одморот за полувреме
в) Минутата ќе се одигра после одморот, пред почетокот на второто полувреме
г) Минутата се додава во второто полувреме
д) Тимот кој последен ја имал топката во посед, ќе има посед на топката и во продолжението
ѓ) Натпреварот продолжува со голманско фрлање

37. Белиот тим постигнал гол. Црниот тим сака набрзина да тргне од центарот. Поради тоа играчот на Црниот тим бр.5 брзо ја носи топката кон средишната линија. При тоа проаѓа покрај играчот на Белиот тим бр.4 кој со отворена дланка му ја турка топката, така да топката го погодува играчот на Црниот тим бр.5 во стапалото и се тркала преку средишната линија на противничката половина. Коректна одлука?
а) Тајм–аут
б) Тргнување од центарот на Црниот тим
в) Прогресивно казнување за играчот на Белиот тим бр.3
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Директно искучување од 2 мининути за играчот бр.3 од Белиот тим

38. Во кои ситуации тајм-аутот не е обавезен?
а) Топката оди далеку од полето за игра
б) Свиреж од мерачот на време
в) Играчот симулира повреда
г) Кога судиите покажуваат различни правци во одлуките
д) Играчот во поле се менува со голманот, за голманот да го изведе голманското фрлање.

39. Кој може да побара тимски тајм–аут?
а) Еден од службениоте лица на тимот
б) Играч
в) Само одговорниот претставник на тимот г) Капитенот на екипата

40. Која од следните констатации кои се однесуваат на тимскиот тајм-аут е исправна?
а) Тимски тајм аут може да го побара само официјален претставник на екипата
б) Ако тимскиот тајм аут е побаран кога противникот ја поседува топката, мерачот на време мора да му го врати зелениот картон назад на претставникот на тимот.
в) Времето од 1 м. за тим тајм-аут почнува кога мерачот на време даде знак со свиреж.
г) Прекршоците на правилата на игра во текот на тимскиот тајм-аут имаат исти последици како за време на траењето на играта
д) По тим тајм-аут, натпреварот секогаш породолжува со фрлање за екипата која го побарала тим тајм-аут.

41. Белиот тим ја има топката во посед. Службеното лице Ц на Црниот тим пријавува тим тајм аут ставајќи го зелениот картон на масата пред мерачот на време. Одлука?
а) Зелениот картон е ставен на масата
б) Мерачот на време свири, штом Црниот тим дојде во посед на топката.
в) Мерачот на време го враќа зелениот картон назад на претставникот на тимот.
г) Само одговорен претставник на тимот може да побара тимски тајм–аут.

42. Играчот на Црниот тим бр.3 се обидува да шутира на голот. Топката останува во голманскиот простор, и никој од играчите пред тоа не ја допрел. Во тој момент претставниот на Црниот тим бара тим тајм –аут. Исправна одлука?
а) Мерачот на време свири, го прекинува времето на часовникот и во исто време им покажува на судиите дека тоа е тајм–аут за Црниот тим.
б) Мерачот на време го враќа назад картонот на службеното лице на Црниот тим
в) Играта продолжува со слободно фрлање за Црниот тим
г) Голманско фрлање за Белиот тим

43. Голманот на Белиот тим бр.1 му ја додава топката на играчот на Белиот тим бр.8 кој е сам со голманот на Црниот тим бр.12, пред голманскиот простор. Пред топката да дојде до играчот на Белиот тим бр.8 се слуша свирежот од мерачот на време, бидејќи службеното лице на Белиот тим побарал тимски тајм–аут во овој момент. Како ќе продолжи играта?
а) Со слободно фрлање за Белиот тим, над голманскиот простор на Белиот тим
б) Со слободно фрлање за Белиот тим, кај просторот за замена на играчи на Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим, од линијата за слободно фрлање на Црниот тим.

44. Играчот на Белиот тим бр.4 го блокира шутот на играчот на Црниот тим бр.11. Топката го допира таванот над голманскиот простор. Непосредно после тоа претставникот А на Црниот тим става зелен картон на масата пред мерачот на време. Исправна одлука?
а) Црниот тим моментално добива тимски тајм–аут
б) Црниот тим не добива тимски тајм-аут бидејќи топката го допира кровот
в) Црниот тим не добива тимски тајм-аут бидејќи Белиот тим ја имал топката во посед кога натпреварот е прекинат
г) Црниот тим добива тимски тајм-аут, но само откако натпреварот ќе се продолжи

45. Белиот тим е во посед на топката и бара тимски тајм–аут. Поради бучавата во салата, судиите не го слушнале звукот на сирената од записничката маса. После 10 секунди кога Црниот тим ја има топката во посед, судиите го слушаат сигналот од масата. Коректна одлука:
а) Тимски тајм–аут
б) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Црниот тим.
в) Тимски тајм-аут не е дозволен
г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Белиот тим

46. Во 78:00 играчот на Белиот тим бр.7 добива 2 минути исклучување, покасно натпреварот завршува нерешено и пропозициите предвидуваат победникот да се одлучи со изведување на седмерци. Истиот играч е одреден од страна на службениот претставник на тимот да учествува во тајбрејк процедурата. Играчот на Белиот тим бр.7 го изведува седмерецот и постигнува гол. Правилна одлука?
а) Голот е валиден, играчот на Белиот тим бр. 7 му е дозволено да учествува
б) Голот не е валиден, на играчот на Белиот тим бр.7 не му е дозволено да учествува. в) Изведувањето на седмерецот ќе се смета за неуспешно
г) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр. 7

47. Во 55:00 одговорното службено лице на Белиот тим го бара свој втор тајм–аут. Во 59:00 истото службено лице бара трет тајм–аут. Правилна одлука?
а) Тимски тајм-аут е дозволен
б) Тимски тајм-аут не е дозволен

48. Екипата во Бело е во напад. Службениот преставник А на екипата во БЕЛО сака да побара екипен тајм-аут и оди кон записничката маса да го стави зелениот картон пред мерачот на време. Зелениот картон е поставен на масата пред мерачот на време. Во исто време, играчот 4 во БЕЛО шутира на гол и успева да постигне гол. Мерачот на време свири тајм-аут по самото влегување на топката во гол од екипата во ЦРНО. Која е исправна одлука?
а) Гол за екипата во БЕЛО
б) Голот не е валиден, бидејќи екипата во БЕЛО побарала тајм-аут.
в) Тајм-аут за екипата во БЕЛО
г) Нема тајм-аут за екипата во БЕЛО, бидејќи веќе не е во посед на топката д) Картонот за тајм-аут мора да се врати на екипата во БЕЛО
ѓ) Изведување од центар за екипата во ЦРНО

49. Вториот екипен тајм-аут за екипата во БЕЛО бил во 55:10. Во 59:25, службениот преставник А од екипата во БЕЛО сака да го побара третиот екипен тајм-аут за неговата екипа и го става картонот за тајм-аут на масата пред мерачот на време. Екипата во БЕЛО е во посед на топката. Мерачот на време свири и го стопира времето. Мерачот на време покажува тајм-аут за екипата во БЕЛО. Што е исправна одлука?
а) Тим тајм-аут за екипата во БЕЛО
б) Тим тајм-аутот не е дозволен
в) Прогресивана исклучување за службениот преставник А од екипата во БЕЛО г) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за екипата во БЕЛО
д) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за екипата во ЦРНО

50. Екипата во БЕЛО сака да побара екипен тајм-аут. Службениот преставник на екипата во БЕЛО го става картонот за тајм-аут на масата пред мерачот на време. Во исто време, играчот 9 од екипата во БЕЛО шутира кон голот на екипата во ЦРНО. Мерачот на време свири додека топката е во воздух. Кратко по свирежот, голманот 12 од екипата во ЦРНО ја брани топката. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут не е можен, бидејќи екипата во БЕЛО не е во посед на топката
б) Тим тајм-аут за екипата во БЕЛО
в) Картонот за тајм-аут се враќа на екипата во БЕЛО
г) Натпреварот се продолжува со голманско фрање за екипата во ЦРНО
д) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за екипата во БЕЛО

51. Екипата во Бело сака да побара екипен тајм-аут. Службениот преставник на Белиот тим го става зелениот картон на масата пред мерачот на време. Пред мерачот на време да свири за тимски тајмаут, БЕЛИОТ играч бр.9 шутира на гол. Топката е блокирана од страна на голманот на ЦРНИОТ тим бр.12, и мерачот на време свири додека топката се тркала во голманскиот простор. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут не е можен, бидејќи екипата во БЕЛО не е во посед на топката б) Екипен тајм-аут за екипата во БЕЛО
в) Картонот се враќа на екипата во БЕЛО
г) Натпреварот се продолжува со голманско фрлање за екипата во ЦРНО
д) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за екипата во БЕЛО
ѓ) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за екипата во ЦРНО

52. Екипата во БЕЛО сака да побара тимски тајм-аут. Службениот преставник А на БЕЛИОТ тим го става зелениот картон на масата пред мерачот на време. Пред мерачот на време да свири за тимски тајм-аут, БЕЛИОТ играч бр.9 шутира на гол. Ударот го брани голманот на ЦРНИОТ тим бр.12, и мерачот на време свири додека топката е во воздух над голманскиот простор по одбраната од голманот. Која е правилна одлука?
а) Тим тајм-аут не е можен, бидејќи БЕЛИОТ тим не е во посед на топката
б) Тим тајм-аут за БЕЛИОТ тим
в) Зелениот картон се враќа на БЕЛИОТ тим
г) Натпреварот продолжува со голманско фрлање за ЦРНИОТ тим
д) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
ѓ) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за екипата во ЦРНО

53. Екипата во БЕЛО сака да побара Тим тајм-аут. Службениот преставник А од екипата во БЕЛО го става картонот на масата пред мерачот на време. Пред да свири мерачот на време за тајм-аут, играчот од БЕЛИОТ тим бр.11 прави прекршок во напад. Мерачот на време свири за Тим тајм-аут пред судиите да свират прекршок во напад. Одлука?
а) Судиите одлучуваат дали е можно тајм-аут, бидејќи прекршокот во напад бил направен пред мерачот на време да свири тајм-аут
б) Тајм-аут за екипата во БЕЛО
в) Картонот се враќа на екипата во БЕЛО
г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за екипата во ЦРНО
д) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за екипата во БЕЛО

54. Во натпреварот се користи електронски тимски тајм-аут. Белиот тим го имаше својот втор тимски тајм-аут на 55:10. Во 59:35, службениот службено лице А од Белиот тим сака да побара трет тимски тајм-аут за својот тим и го активира звучниот сигнал за тимски тајм-аут. Топката е во игра и Белиот тим е во посед на топката. Се огласува сигналот семафотор и времето е запрено. Која е точната одлука?
а) Тимски тајм-аут за Белиот тим
б) Не е доделен тајм-аут
в) Прогресивна казна за службеното лице А од Белиот тим
г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Белиот тим
д) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Црниот тим
ѓ) Црниот тим може да избере помеѓу слободно фрлање и удар од 7 метри

55. Во натпреварот се користи електронски тимски тајм-аут. Белиот тим е во посед на топката. Во 58:40, БЕЛИОТ 7 прави фаул во напад. Пред судиите да можат да свират фаул во напад, се огласува сигналот од семфарот и времето е стопирано бидејќи службеното лице А од БЕЛИОТ тим го активирал звучниот сигнал за електтронски тајм-аут за да побара тајм-аут. Веднаш потоа судиите свират фаул во напад против БЕЛИОТ 7. Која е правилната одлука?
а) Тајм-аут не е можен бидејќи БЕЛИОТ тим повеќе не ја поседува топката.
б) Тајм-аут за БЕЛИОТ тим.
в) БЕЛИОТ тим ќе изгуби еден тимски тајм-аут.
г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
д) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
ѓ) Натпреварот се продолжува со удар од 7 метри за ЦРНИОТ тим.
е) ЦРНИОТ тим може да избере помеѓу слободно фрлање и удар од 7 метри.
ж) Прогресивна казна против службеното лице А од БЕЛИОТ тим.

56. Во натпреварот се користи електронски тимски тајм-аут. Во 29:50 во првото полувреме, БЕЛ 9 шутира кон голот. Ударот е блокиран од голманот ЦРН 12, а по одбраната топката е во воздух над голманскиот простор. Во тој момент се огласува сигналот од семафорот бидејќи службеното лице А од ЦРНИОТ тим го активирал звучниот сигнал за да побара тимски тајм-аут. Која е правилната одлука?
а) Не е можен тајм-аут бидејќи ЦРНИОТ тим не ја поседува топката.
б) Тајм-аут за ЦРНИОТ тим.
в) ЦРНИОТ тим ќе изгуби еден тајм-аут.
г) Натпреварот продолжува со голманско фрлање за ЦРНИОТ тим.
д) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.

ѓ) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
е) БЕЛИОТ тим може да избере помеѓу удар од 7 метри и слободно фрлање.
ж) Натпреварот продолжува со удар од 7 метри за БЕЛИОТ тим.
з) Прогресивна казна за службеното лице А од ЦРНИОТ тим.

57. Црниот тим е во напад. Судиите покажуваат предупредувачкиот сигнал за пасивна игра. По две додавања, се слуша свиреж од делегатот бидејќи службеното лице А од Црниот тим побарал тимски тајм-аут. Ниту судиите ниту играчите не го слушаат свирежот и играта продолжува. Четвртото додавање од Црниот тим оди до крилниот играч кој има јасна шанса за постигнување на гол. Крилниот играч скока за да шутира кон голот. При тоа е турнат од БЕЛИОТ 4 и делумно ја губи контролата врз телото. Голманот го брани ударот. Дури во тој момент судиите и играчите стануваат свесни дека делегатот го прекинал натпреварот поради барањето за тимски тајм-аут. Која е правилната одлука?
а) Тимски тајм-аут за Црниот тим.
б) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Црниот тим.
в) Натпреварот продолжува со удар од 7 метри за Црниот тим.
г) 2 минути исклучување за БЕЛИОТ 4.
д) Нема исклучување.
ѓ) Предупредувачкиот сигнал е сè уште важечки - Црниот тим има комплетирано две додавања.
е) Предупредувачкиот сигнал е сè уште важечки – Црниот тим има комплетирано четири додавања.
ж) Предупредувачкиот сигнал повеќе не е важечки бидејќи БЕЛИОТ 4 е казнет со исклучување од 2 минути.

58. БЕЛИОТ тим шутира кон голот. Голманот ЦРН 1 го брани ударот. Топката отскокнува во голманскиот простор кога службеното лице А од БЕЛИОТ тим бара тимски тајм-аут ставајќи го зелениот картон пред мерачот на време. Мерачот на време свири кога топката сè уште отскокнува во голманскиот простор, но топката е многу блиску до БЕЛИОТ 13 кој е сосема сам пред голманскиот простор. Која е правилната одлука?
а) Тимски тајм-аут за БЕЛИОТ тим.
б) Не е можен тимски тајм-аут, а зелениот картон му се враќа на службеното лице А од БЕЛИОТ тим.
в) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
г) Голманско фрлање за ЦРНИОТ тим.
д) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
ѓ) Седмерец за БЕЛИОТ тим.

59. Во натпреварот се користи електронски тајм-аут). БЕЛИОТ тим е во напад, а резултатот е 31:31. 20 секунди перрд крајот на натпреварот, БЕЛ 7 постигнува гол. Службеното лице А од ЦРНИОТ тим трча до масата на мерачот на време за да го активира звучниот сигнал и да побара тимски тајм-аут. Пред службениот лице А да може да го активира звучниот сигнал ЦРНИОТ 10 станува од клупата и го активира звучниот сигнал непосредно пред ЦРНИОТ тим да го изведе почетното фрлање. Која е правилната одлука?
а) Тајм-аут за ЦРНИОТ тим.
б) Тајм-аут за ЦРНИОТ тим.
в) Натпреварот продолжува со почетно фрлање за ЦРНИОТ тим.

г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
д) Натпреварот продолжува со удар од 7 метри за БЕЛИОТ тим.
ѓ) Службеното лице А од БЕЛИОТ тим може да избере помеѓу удар од 7 метри и слободно фрлање.
е) Прогресивна исклучување за службеното лице А од ЦРНИОТ тим.
ж) 2 минути исклучување за ЦРНИОТ 10.
з) Дисквалификација без писмен извештај за ЦРНИОТ 10 (црвен картон).
ѕ) ЦРНИОТ тим ќе загуби еден тимски тајм-аут.

60. Возможно е да се користи повторена снимка (VR) во овој натпревар, а во употреба е и електронски систем за тајм-аут. 20 секунди пред крајот на натпреварот БЕЛ 7 трча со топката во рацете. Судиите свират чекори против БЕЛ 7. БЕЛ 7 ја држи топката 2 секунди пред да ја спушти на подот. Кога ЦРН 4 ја зема топката, службеното лице Б на ЦРНИОТ тим притиска копчето за електронски тајм-аут. Судиите одлучуваат да го користат повторена снимка (VR) за да проверат евентуално прекршување на правилото 8:11а. За време на прегледот на повторената снимка, тие гледаат дека БЕЛ 7 направил само три чекори. Која е правилната одлука?
а) Во ред е да се користи повторена снимка (VR).
б) Тимскиот тајм-аут започнува веднаш за ЦРНИОТ тим.
в) Одлуката за тајм-аутот се одложува до прегледувањето на повторената снимка VR.
г) Тајм-аут.
д) По повторента снимка (VR), тајм-аут за ЦРНИОТ тим.
ѓ) По повторента снимка (VR), нема тајм-аут за ЦРНИОТ тим.
е) Дисквалификација без писмен извештај за БЕЛИОТ 7 (црвен картон покажан од судиите).
ж) 2-минутна исклучување за БЕЛИОТ 7.
з) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
ѕ) Натпреварот продолжува со удар од 7 метри за ЦРНИОТ тим.
и) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
ј) ЦРНИОТ тим ќе изгуби еден тајм-аут.
к) Прогресивна казна за службениот претставник Б на ЦРНИОТ тим.

61. Колку бои може да има топката?
а) 1
б) 2
в) 3
г) Неограничено

62. Која од наведените четири топки мора да ја изберат судиите за натпревар на мажи?
а) Со пречник 57 см, тежина 450 гр.
б) Со пречник 58 см, тежина 400 гр.
в) Со пречник 59 см, тежина 425 гр.
г) Со пречник 60 см, тежина 500 гр.

63. Која од следниве топки судиите мора да ја изберат за женски натпревар?
а) Со пречник 53 см, тежина 350 гр
б) Со пречник 54 см, тежина 300 гр

в) Со пречник 55 см, тежина 425 гр
г) Со пречник 56 см, тежина 375 гр

64. Судиите донеле одлука да се игра со резервна топка. Кога првобитната топка ќе биде повторно користена?
а) За време на следниот прекин
б) Таа не може повторно да се користи, освен во случај резервната топка да не е можно да се користи.
в) Кога судиите ќе најдат потреба за нејзино повторно користење
г) Ако еден од тимовите бара нејзино повторно користење.

65. Малку пред почетокот на натпреварот играчот на Белиот тим бр.11 тешко се повредил, така да не е во состојба да игра. Одлука?
а) Играчот на Белиот тим бр.11 не може да се замени
б) Играчот на Белиот тим бр.11 може да се замени, доколку противниците со тоа се сложат
в) Играчот на Белиот тим бр.11 можи да се замени, неговата замена може да го носи бројот 11 и мора да биде запишана во записникот на натпреварот. Меѓутоа судиите мораат да ги земат во обзир различните пропозиции на натпреварувањето
г) Играчот на Белиот тим бр.11 може да се замени, но неговата замена не смее да го носи бројот 11

66. Црниот тим се појавува со 5 играчи во поле. Голманот не е присутен на почетокот на натпреварот. Црниот тим го одредува играчот со бр. 5 како голман. Кои се последиците на тоа за играчот со бр.5?
а) Играчот на Црниот тим бр.5 може да се користи како играч во поле во било кое време под услов да се изврши правилна замена.
б) Играчот на Црниот тим бр.5 не може повеќе да се користи како играч во поле.
в) Играчот на Црниот тим бр.5 не може да се користи како играч, ако се сложат службените лица на Белиот тим.
г) Играчот на Црниот тим бр.5 не може да се користи како играч во поле, откако предвидениот голман биде присутен.

67. Веднаш по почетокот на натпреварот, претседателот на Белиот тим седнува на клупата со двете службени лица, физиотерапевтот и тренерот. Кои се последиците?
а) Резервниот голман мора да стои зад клупата
б) Претседателот на клубот мора да го напушти просторот за замена на играчите
в) Еден од службените лица мора да го напушти просторот за замена на играчите
г) Кој не запишан во записникот на натпреварот мора да го напушти просторот за замена на играчите.
д) Службениот претставник на тимот мора да биде казнет прогресивно.

68. Кој е најмалиот број на играчи кои мораат да бидат присутни на теренот на почетокот на натпреварот, и мораат да бидат запишани со записник на натпреварот.
а) 5 играчи
б) 4 играчи и 1 голман
в) 5 играчи и 1 голман
г) 6 играчи во поле.

69. Четири сценарија: Кој има право на настап?
а) Играчот кој е присутен на почетокот на натпреварот и е запишан во записникот на натпреварот
б) Играчот кој не е присутен на почетокот на натпреварот но е запишан во записникот на натпреварот
в) Играчот кој е присутен на почетокот на натпреварот но не е запишан во записникот на натпреварот
г) Играчот кој добил дозвола за играње од мерачот на време но не е запишан во записникот

70. На почетокот на натпреварот воБелиот тим има само 6 играчи. Непосредно по почетокот на натпреварот се појавуваат и останатите играчи. Играчот на Белиот тим бр.7 втрчува во полето за игра низ просторот за замена на играчите. Тој не е запишан во записникот за натпреварот. Која е правилната одлука?
а) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 7 (судиите покажуваат црвен картон)
б) Исклучување на 2 минути на играчот на Белиот тим бр.7 кој мора да се запише во записникот на натпреварот.
в) Играчот на Белиот тим бр.7 се запишува во записникот на натпреварот доколку тоа е дозволено со пропозициите на одговорната федерација
г) Прогресивно казнување на одговорниот претставник на Белиот тим.

71. Судиите досудиле слободно фрлање за Белиот тим, од линијата за слободни фрлања на Црниот тим. Малку потоа се слуша свирежот на мерачот на време. Мерачот на време ги информира судиите дека изграчот на Белиот тим бр.9 направил грешна замена. Која е правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим од линијата за слободни фрлања на Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим од својата линија за слободно фрлање
в) Слободно фрлање за Црниот тим од просторот за замена на играчите на Белиот тим
г) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.9 на 2 минути.

72. Играчот на Црниот тим бр.14 прави коректна замена додека натпреварот е во прекин. Меѓутоа од записничката маса се огласува свирчето. Играчот на Црниот тим бр.14 не е запишан во записникот на натпреварот. Се констатира дека тој играч е со бр. 18 во записникот на натпреварот. Која е правилната одлука?
а) Прогресивна исклучување за службениот претставник на Црниот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим кај записничката маса
в) Корекција на бројот во записникот на натпреварот
г) Натпреварот продолжува со изведување на фрлање кое одговара на состојбата во моментот на прекинот. Пишан извештај.

73. Кога е дозволено на две лица од еден тим (службени лица и/или играчи) да влезат во полето за игра?
а) За време на там-аутот
б) За време на тајм-аутот по дозвола на судијата
в) Кога играчот е повреден
г) По дозвола од страна на мерачот на времето

74. Судијата свири и покажува тајм-аут бидејќи на играчот на Белито тим бр.2 му е досудено трето исклучување на 2 минути. Судијата се врти кон мерачот на време и кон записничарот да пријави дисквалификација, кога официјалниот претставник на Белиот тим влегува во полето за игра протестирајќи против исклучувањето. Еден од службените лица на Белиот тим и порано добил опомена. Која е правилната одлука?
а) Дисквалификација на официјалниот претставник на Белиот тим (црвен картон покажан од страна на судијата) и редуцирање на Белиот тим, за дополнителен играч на 2 минути.
б) Лична опомена на официјалниот претставник на Белиот тим
в) Дисквалификација на официјалниот претставник на Белиот тим со писмен извештај (црвен и плав картон)
г) 2 минути исклучување за официјалниот претставник на Белиот тим
д) Редуцирање на Белиот тим на теренот, за дополнителен играч на 2 минути.

75. За време на тајм–аутот поради повреда на играчот, прекубројниот играч на Белиот тим бр.2 влегува во полето за игра, ниту еден од судиите не дал одобрение за влегување во теренот. Која е правилната одлука?
а) Опомена на играчот на Белиот тим бр.2
б) Прогресивна исклучување на одговорниот претставник на Белиот тим
в) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.2 (црвен картон)
г) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр. 2 и редуцирање на неговиот тим за еден играч на 2 минути.

76. Судијата во поле покажува тајм–аут, бидејќи играчот на Белиот тим бр.5 се повредил, и дава дозвола две лица на Белиот тим да влезат во полето за игра и да му пружат помош на играчот бр. 5. Службеното лице В на Црниот тим истотака влегува во полето за игра и го советува својот голман. Одлука?
а) Ништо не се досудува, бидејќи дозволата за влез важи за сите играчи и службени лица на двата тима.
б) Сите четири службени лица на Црниот тим треба да се опоменат, и да се дисквалификуваат доколку го повторат прекршокот.
в) Одговорното службено лице на Црниот тим добива опомена
г) Прогресивна исклучување на службеното лице В на Црниот тим
д) По укажаната медицинска помош на теренот, играчот на Белиот тим бр.5 мора веднаш да го напушти теренот, и може повторно да влезе по три завршени напади на неговиот тим.

77. Голманот на Белиот тим бр.16 е повреден и мора да го замени играчот бр.5. Играчот бр.5 го менува дресот. По 20 минути голманот бр.16 повторно е во состојба да игра и службеното лице А на Белиот тим прави замена. Играчот бр.5 повторно го менува дресот, и се враќа во полето за игра не јавувајќи му се на записничарот. Која е правилната одлука?
а) Нема исклучување, бидејќи е дозволено
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр. 5
г) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 5 (судиите покажуваат црвен картон)

78. Играчот на Белиот тим бр.4 излегува од полето за игра надвор од просторот за замена. Откако играчот бр.4 ја преминува аут линијата, но пред да дојде до својот простор за замена, играчот на Белиот тим бр.11 влегува во полето за игра на правилното место. Која е правилна одлука по свирежот на мерачот на времето?
а) Слободно фрлање за Црниот тим на местото каде што играчот на Белиот тим бр. 4 го напуштил полето за игра.
б) Слободно фрлање за Црниот тим од просторот за замена на играчот на Белиот тим
в) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.4 на 2 минути
г) Исклучување на играчот на Белиот тим бр,11 на 2 минути
д) Исклучување на играчите на Белиот тим бр.4 и бр.11 на 2 минути.

79. Играчот на Црниот тим бр.3 прави неправилна замена за својот тим за време на прекинот на играта. На тоа му претходела одлука за слободно фрлање во корист на Црниот тим. Играчот бр.3 немал опомена во текот на натпреварот, ниту бил исклучен на 2 минути. Правилна одлука?
а) Опомена за играчот на Црниот тим бр.3
б) Исклучување на 2 минути за играчот на Црниот тим бр.3 в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим.

80. Откако судиите досудиле седмерец за Белиот тим, играчот бр.27 кој бил предвиден да го изведе седмерецот, прави неправилна замена. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Фрлање на голманот за Црнииот тим
г) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.27

81. Белиот тим постигнал гол. Судиите не дале знак за почетно фрлање, кога играчот на Црниот тим бр.10 влегува во полето за игра пред играчот бр.6 да излезе. Одлука?
а) Почетно фрлање
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Црниот тим бр.10 г) Исклучување на 2 минути за играчот на Црниот тим бр.6

82. Белиот тим има само 12 играчи присутни на почетокот на натпреварот, бидејќи двата играчи одредени за голмани сеуште не се дојдени, БЕЛИОТ тим почнува со еден од дванаесетте играчи во поле како голман. Која од понудените алтернативи е исправна?
а) Играчот на теренот, кој го почнува натпреварот како голман, мора да има број 1, 12 или 16 во записникот на натпреварот.
б) Играчот на теренот, кој го почнува натпреварот како голман може покасно да игра како играч во поле.
в) Голманите кои закасниле мораат да имаат броеви 1, 12 или 16 во записникот на натпреварот.
г) Еден од двата голмани кои доцнеле може да се користи само како играч во поле.

83. За време на тајм–аутот играчот на Белиот тим бр. 5 прави прва неправилна измена за својот тим. Топката била во посед на Белиот тим кога е дозволен тајм аутот. Одлука?
а) Нема исклучување
б) Опомена за играчот на Белиот тим бр. 5
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр. 5
г) Слободно фрлање за црниот тим
д) Белиот тим останува во посед на топката

84. Голманот на Белиот тим бр.3 треба да изведе седмерец. Заради заштита на празниот гол, играчот на Белиот тим бр.15 влегува во полето за игра во дресот на голманот, по замената со играчот во поле. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.3
б) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.15
в) Нема исклучување
г) Седмерец за белиот тим
д) Слободно фрлање за Црниот тим кај просторот за замена на играчот на Белиот тим.

85. Во текот на контранападот на Белиот тим, кој има чиста прилика за постигнување на гол, играчот на Црниот тим бр. 3 прави неправилна замена. Мерачот на време и записничарот не реагираат, но судијата во поле гледа што се случува. Коректна одлука?
а) Моментално исклучување на 2 минути за играчот на на Црниот тим бр.3 и слободно фрлање за Белиот тим
б) Моментално исклучување на 2 минути за играчот на Црниот тим бр. 3, и седмерец за Белиот тим
в) Да се почека да помине шансата за постигнување на гол, потоа 2 минути за играчот на Црниот тим бр.3 и слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
г) Да се почека да помине шансата за потигнување на гол, потоа 2 минути за играчот на Црниот тим бр. 3 и продолжување со фрлање кое одговара на ситуацијата

86. Голманот на Белиот тим бр.1 ја фаќа топката упатена кон голот, и топката се тркала по должина на аутот во близина на клупата за резервни играчи на Белиот тим. Играчот на Белиот тим бр. 5 кој седи на клупата ја пушта ногата во полето за игра и ја запира топката така да играчот од неговиот тим бр.4 може да ја земе пред да ја помине аут линијата. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.5
г) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 5 (судиите покажуваат црвен картон)
д) Белиот тим се редуцира на теренот за еден играч на 2 минути.

87. Играчот на Белиот тим бр.2 има уште 30 секунди од исклучувањето, но влегува во полето за игра без влијание на текот на играта. Белиот тим ја има топката во посед. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.3 , и Белиот тим и понатаму е редуциран во полето за игра за еден играч за 30 секунди
г) Исклучување на 30 секунди за играчот на Белиот тим бр.3 и Белиот тим и понатаму се

редуцира во играта во поле за еден играч за 2 минути.
д) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.3 (судиите покажуваат црвен картон), и Белиот тим и понатаму се редуцира во полето за игра за еден играч за 30 секунди

88. Играчот на Белиот тим бр.5 е исклучен на 2 минути. По 1 минута и 45 секунди од исклучувањета од 2 минути, службеното лице А на Белиот тим го испраќа истиот играч бр.5 во полето за игра. Која е правилната одлука?
а) Играчот бр. 5 добива ново исклучување и Белиот тим се редуцура на терен за еден играч на 2 минути и 15 секунди.
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 5 (судиите покажуваат црвен картон), и Белиот тим се редуцира за два играчи за 15 секунди, и еден играч на 1 минута и 45 секунди.
в) Играчот бр. 5 на Белиот тим добива дополнително исклучување на 2 минути, и Белиот тим се редуцира за два играчи за 15 секунди, и еден играч на 1 минута и 45 секунди.

89. По истекот на исклучувањета исклучување од 2 минути, голманот на ЦРНИОТ тим бр.1 сака да и се приклучи на својата екипа која се наоѓа во одбрана. Тој влегува во полето за игра во дресот на голман и завзема крилна позиција како шести играч во полето за игра на Црниот тим. Која е правилната одлука?
а) Играта продолжува
б) Седмерец за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Исклучување на 2 минути на голманот бр.1 на Црниот тим

90. Што е правилно, со оглед на тоа дека играчот крвари на терен?
а) Играчот мора веднаш доброволно да го напушти полето за игра
б) Играчот може да остане во полето за игра, до следниот прекин на играта
в) Играчот кој го заменува играчот кој крвари, може да влезе во полето за игра надвор од просторот за замена на играчи.
г) Играчот не може повторно да влезе во полето за игра, до следниот прекин на игра
д) Ако играчот одбие да ги следи упатствата на судиите за напуштање на полето за игра мора да биде казнет за неспортско однесување.

91. Играчот на Белиот тим бр.5 е сам со голманот на Црниот тим бр.1 и е во јасна ситуација за постигнување на гол. Играчот на Црниот тим бр.11 прави неправилна замена, бидејќи влегува во теренот пред неговиот соиграч бр.9 да излезе. Мерачот на време свири погрешна замена во моментот кога играчот на Белиот тим бр.5 е спремен да упати шут кон голот. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минути за играчот на Црниот тим бр.11
б) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.11, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Седмерец за Белиот тим
д) Мерачот на време може да почека додека не заврши јасната шанса за гол пред да свири за погрешна замена.

92. Голманот на Црниот тим бр.1 го одбранил шутот и му ја фрлил топката на соиграчот бр. 4. Сега голманот бр.1 оди кон аут линијата, во близина на просторот за замена на играчите. Тој јасно ја преоѓа аут линијата, ја зема крпата и пие вода од шишето. Тој на теренот не е заменет со друг голман или играч во полето. Исправна одлука?
а) играта продолжува, тоа е дозволено
б) исклучување за играч на Црниот тим бр.1 поради погрешна замена
в) Слободно фрлање за Белиот тим кај просторот за замена на играчите на Црниот тим

93. Службеното лице А на Црниот тим веќе добил опомена. На една судиска одлука службеното лице D на истиот тим влегува неколку метри во полето за игра без дозвола на судијата. Правилна одлука?
а) Нема казнување
б) Опомена за службеното лице D на Црниот тим
в) 2 минути исклучување за службеното лице D на Црниот тим
г) Дисквалификација за службеното лице D на Црниот тим (судиите покажуваат црвен картон)

94. Тајм-аутот е поради повреда на играчот бр.6 на Белиот тим, по ситуацијата во која немало прогресивно казнување за играчите на Црниот тим. Судиите даваат дозвола две лица да влезат на терен и му пружат помош на повредениот играч на Белиот тим бр.6. Службеното лице C на Белиот тим му пружа помош на повредениот играч. Службеното лице А на Белиот тим оди по играчот на Црниот тим бр.5 бидејќи според него тој ја предизвикал повредата. Тој го прати се до просторот за замена на Црниот тим и го удира по лице. Коректна одлука?
а) Дисквалификација на службеното лице А на Белиот тим, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон), Белиот тим се редуцира за еден играч на терен за 2 минути.
б) Натпреварот породолжува по свирежот, со фрлање кое одговара на причината на прекинот.
в) 2 минути исклучување за службеното лице А на Белиот тим, Белиот тим се редуцира за еден играч на терен за 2 минути
г) Слободно фрлање за Црниот тим
д) Дисквалификација на службеното лице А на Белиот тим, без извештај (судиите покажуваат црвен картон), Белиот тим се редуцира за еден играч на терен за 2 минути
ѓ) После дадената медицинска помош, играчот на Белиот тим бр.6 мора да го напушти теренот и може повторно да влезе откако ќе се завршат трите напади на неговиот тим

95. Непосредно по изведеното почетно фрлање на Црниот тим, судиите утврдиле дека во просторот за замена на играчи на Црниот тим се наоѓа лице кое не е внесено во записникот на натпреварот. Се утврдува дека тој е еден од членовите на управата на клубот, но Црниот тим веќе има на клупата 4 други службени лица кои се внесени во записникот. Исправна одлука?
а) Лицето мора да го напушти простор за замена на играчите
б) Службениот преставник на Црниот тим добива лична исклучување в) Уште едено службено лице мора да го напушти просторот за замена г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Белиот тим

96. Што пропишуваат правилата поврзани за изгледот на дресот?
а) Сите играчи кои играат на местото на голманот мораат да носат дрес во идентична боја
б) Играчите мораат да носат броеви во висина од најмалку 20 см наградите и на грбот в) Голманите можат да носат заштита за главата, доколку таа е изработена од мек материјал
г) Играчите, вклучувајчи и голманите, можат да ги користат броевите од 1 до 100

97. Играчот на Белиот тим бр.10 издржува исклучување исклучување на 2 минути. Времето на исклучување почнало во 21:00. По продолжувањето на натпреварот, тој протестира многу енергично, така да судиите ја прекунуваат играта во 21:30 и му доделуваат на играчот дополнителни 2 минути исклучување. Кои се последиците за Белиот тим?
а) 2 минути исклучување за изграчот на Белиот тим бр.10
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.10
в) Белиот тим игра со 1 играч помалку до 25:00
г) Белиот тим игра со 2 играчи помалку до 23:00, а потоа со 1 играч помалку до 23:30

98. Во која од наведените ситуации одговорниот претставник на тимот ќе добие прогресивна исклучување?
а) Кога играчот на неговиот тим го напушти просторот за замена на игралите, и да не му се јави на мерачот/записничарот.
б) Кога по почетокот на натпреварот во просторот за замена на играчите се наоѓа лице кое не е запишано во записникот на натпреварот.
в) Кога прекубројниот играч влезе на теренот
г) Кога играч кој не е запишан во записникот на натпреварот влезе на терен
д) Доколку не е адекватна опремата на играчот забележана по почетокот на натпреварот.
ѓ) Доколку постои одреден прекршок во просторот за замена на играчи, кој не може јасно да се одреди на некој поединец.

99. Судиите со рака даваат знак на дозвола за влегување во терен, бидејќи играчот на Белиот тим е повреден. На кого му е дозволено да влезе на терен?
а) Две официјални лица на Белиот тим, на никој друг
б) По две официјални лица од двете екипи
в) Две лица (службено лице или играчи) на Белиот тим
г) Доктор на Белиот тим ако тој не е еден од 4 официјални лица на тимот.

100. Службеното лице C на Белиот тим, веќе добило опомена поради протест. Покасно службеното лице B на истиот тим влегува во полето за игра без дозвола, но не се однесува некоректно. Одлука?
а) Опомена за службеното лице B на Белиот тим
б) 2 минути исклучување за службеното лице B на Белиот тим. Тој мора да ја напушти клупата во наредните 2 минути
в) Дисквалификација за службеното лице B на Белиот тим (судиите покажуваат црвен картон Белиот тим се редуцира за еден играч на терен за 2 минути.
г) 2 минути исклучување за службеното лице B на Белиот тим, Белиот тим се редуцира за еден играч на терен за 2 минути, службеното лице B можи да остани во просторот за замена.

101. Кои од следните постапки не е дозволена, кога е тајм–аут заради повреда, и судиите даваат сигнал со рака и дозвола да лица од Белиот тим можат да влезат во полето за игра?
а) Играчите на Црниот тим стојат во близина на надолжната линија и ги слушаат упатствата на тренерот.
б) Играчите на Белиот тим прават грешна замена, надвор од просторот за замена на играчи.
в) Еден од претставниците на Белиот тим кој е во полето за игра далеку од својот повреден играч и дава упатства на другите играчи на неговиот тим.

102. Пред почетокот на натпреварот, делегатот сфаќа дека БЕЛИОТ 7 носи штитници за глуждови од тврд материјал кој не е покриен. Која е/се точните одлуки?
а) БЕЛИОТ 7 може да игра со штитниците за глуждови, но делегатот треба да испрати извештај до раководството на првенството/федерацијата.
б) БЕЛИОТ 7 не може да игра со штитници за глуждови кои имаат откриени тврди делови. Делегатот мора да го извести одговорниот службен претставник на тимот дека играчот треба да ги отстрани штитниците за глуждови или да ги покрие тврдите делови со мек материјал.
в) БЕЛИОТ 7 ќе добие опомена.
г) Одговорниот службеник на тимот ќе добие опомена.
д) Ниеден од претходните одговори не е валиден.

103. Во 29:00 на првото полувреме играчот на Белиот тим бр.5 е исклучен на 2 минути. По одморот помеѓу двете полувремиња судијата во поле дава знак за почеток на второ полувреме. Три секунди после тоа се огласува мерачот на време. Белиот тим има 7 играчи на теренот. Исправна одлука?
а) Еден играч на Белиот тим А мора да го напушти теренот, нема дополнително исклучување.
б) 2 минити исклучување за дополнителниот играч на Белиот тим
в) Белиот тим се редуцира за два играчи на терен за 57 секунди и еден играч за 1 минута и 3 секунди.

104. Време на игра 43:27. Прекин од страна на мерачот на време, по гол на играчот на Белиот тим бр.15 и почетното фрлање. Мерачот на време ги известува судиите дека играчот бр.15 не е запишан во записникот на натпреварот. Во записникот се запишани 14 играчи за Белиот тим. Судиите утврдуваат дека играчот на Белиот тим бр.11 не е присутен. Исправна одлука?
а) Голот се поништува
б) Голот се признава
в) Играчот на Белиот тим бр.11 се брише додека бр.15 се внесува во записникот во согласност со пропозициите на натпреварувањето.
г) На играчот на Белиот тим бр.15 не му е дозволено да игра, и мора да го напушти теренот
д) Прогресивна исклучување против одговорниот претставник на Белиот тим
ѓ) Писмен извештај

105. Голманот бр.12 на Белиот тим лежи на теренот поради повреда на коленото по одбраната на шутот на Црниот тим. Коректна одлука?
а) Играчот на Белиот тим бр.12 може да ја продолжи играта по давањето на медицинската помош на теренот.
б) Двете лица на Белиот тим на кои им е дозволено да учествуваат можат да влезат на терен, да му пружат помош на играчот бр.12, по сигналите 15 и 16 покажани од страна на еден од судиите.
в) Само едно лице на Белиот тим, на кој му е дозволено да учествува може да влезе на теренот и да му пружи помош на играчот бр.12, по сигналите 15 и 16 покажани од страна на еден од судиите.
г) По пружената медицинска помош на терен, играчот на Белиот тим бр.12 може да влезе на терен откако ќе заврши третиот напад на неговата екипа.
д) Без оглед на бројот на напади на неговата екипа играчот бр.12 на Белиот тим може да влезе во теренот кога играта продолжува по полувремето.
ѓ) Доколку службеното лице одбие да му пружи медицинска помош на играчот на Белиот тим бр. 12 одговорниот претставник на екипата се казнува прогресивно.

106. Голманот на Белиот тим бр.1 го брани шутот на Црниот тим. При одбрана на ударот тој удира со главата во стативата на голот и потребна му е медицинска помош на терен. Коректна одлука?
а) Играчот бр.1 на Белиот тим може да ја продолжи играта, по пружената медицинска помош, затоа што медицинската помош е поради повреда на главата.
б) По пружената медицинска помош на терен, играчот на Белиот тим бр.1 може да влезе во теренот откако ќе заврши третиот напад на неговата екипа.

107. По примената медицинска помош на терен играчот на Белиот тим бр.7 седи на клупата во просторот за замена на играчи. Во текот на првиот напад на Белиот тим, играчот на Црниот тим бр. 2 го пресретнува додавањето и трча во контра напад само со голманот бр.12 на Белиот тим пред него. Пред играчот на Црниот тим бр.2 да го упати ударот, играчот на Белиот тим бр.7 влегува на терен, менувајќи се со играчот на Белиот тим бр.9. Коректна одлука?
а) Мерачот на време ќе почека додека играчот на Црниот тим бр.2 го упати ударот кон голот, па потоа ќе ја прекине играта поради погрешна замена на Белиот тим.
б) Мерачот на време веднаш ќе ја прекине играта поради погрешна замена на Белиот тим
в) Тајм аут
г) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.7
д) Дисквалификација без писмен извештај за играчот на Белиот тим бр.7 (судиите покажуваат црвен картон)
ѓ) Играта продолжува со фрлање согласно ситуацијата
е) Удар од 7 метри за Црниот тим
ж) Слободно фрлање за Црниот тим
з) Без оглед на бројот на напади на неговиот тим, играчот бр.7 на Црниот тим може да влезе на терен по истекот на суспензијата од 2 минути.

108. По примената медицинска помош на терен, играчот бр.11 на Црниот тим седи на клупата и протестира на судиската одлука. Поради тоа добива исклучување исклучување

на 2 минути. Во текот на вториот напад на Црниот тим, играчот бр.11 влегува на терен, откако исклучувањета му истекла. Коректна одлука?
а) Тајм–аут
б) 2 минути исклучување за играчот на Црниот тим бр.11 в) Играта продолжува
г) Слободно фрлање за Белиот тим

109. Играчот бр.10 на Црниот тим ја прифаќа топката на линијата за слободни фрлања. По прифаќањето на топката соборен е од страна на играчот на белиот тим бр.3. Тој паѓа незгодно , така што го повредува лактот и потребна му е медицинска помош на терен. Коректна одлука?
а) Опомена за играчот на Белиот тим бр. 3
б) 2 минути исклулување на играчот на Белиот тим бр. 3
в) Две лица од црниот тим на кои им е дозволено да учествуваат, можат да влезат на терен да му пружат помош на играчот бр. 10 по сигналите 15 и 16 покажани од страна на едниот од судиите.
г) Играчот на Црниот тим бр.10 може да ја продолжи играта по пружената помош на теренот.
д) По пружената медицинска помош на терен , играчот на Црниот тим бр. 10 може да влезе на терен откако ќе заврши третиот напад на неговиот тим.
ѓ) Тајм–аут

110. Играчот бр.10 на Црниот тим ја прифаќа топката во контра нападот од соиграчот бр.9. Веднаш по додавањето играчот бр.9 е соборен од страна на играчот на Белиот тим бр.11. По приемот на топката играчот на Црниот тим бр.10 паѓа и лежи повреден на теренот. Коректна одлука?
а) Опомена за играчот на Белиот им бр.11
б) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.11
в) На две лица од Црниот тим на кои им е дозволено да учествуваат, можат да влезат на терен да му пружат помош на играчот бр.10 по сигналите 15 и 16 покажани од страна на еден од судиите. г) Играчот на Црниот тим бр.10 може да продолжи со игра по пружената помош на терен.
д) По пружената медицинска помош на терен, играчот на Црниот тим бр.10 може да влезе во теренот кога ќе се заврши третиот напад на неговиот тим.
ѓ) Тајм аут

111. На 3 минути до крај на натпреварот резултатот е 21-21. Играчот на Црниот тим бр.2 кој е најдобар стрелец, незгодно го повредува зглобот на ногата. Играчот лежи на теренот. Еден од судиите го прашува играчот бр.2 дали му е потребна помош, и откако играчот не одговара, но сеуште лежи на теренот, судиите го прекинуваат натпреварот, покажуваат сигнали 15 и 16 и даваат дозвола две лица од Црниот тим да влезат на терен и да му пружат помош на играчот бр. 2. Црниот тим одбива да ги испрати лицата на терен, и пред судиите да реагираат, повредениот играч бр.2, е спремен да ја продолжи играта. Коректна одлука?
а) Играчот на Црниот тим бр.2 може да ја продолжи играта
б) Играчот на Црниот тим мора да го напушти теренот, и може да влези кога се завршат 3 напади на неговиот тим.
в) Прогресивна исклучување за одговорниот претставник на Црниот тим.

112. На 30 секунди до крајот на полувремето играчот на Белиот тим бр. 5 прима медицинска помош на терен. По пружената медицинска помош, тој излегува и може да влезе по 3 напади на неговиот тим. По една минута во второто полувреме, во текот на вториот напад на Белиот тим, играчот на тимот бр. 5 влегува на терен исправно менувајќи го соиграчот бр.4 . Коректна одлука?
а) Играта продолжува
б) 2 минути за играчот на Белиот тим бр. 5 поради погрешна замена (влез во теренот прерано по пружената медицинска помош на терен)
в) Тајм–аут

113. По сударот играчите на Белиот тим бр.4 и Црниот тим бр. 5 лежат на терен и изгледаат дека се повредени. Судиите веднаш го прекинуваат натпреварот, покажуваат сигнали 15 и 16, и даваат дозвола да по две лица од двата тима можат да влезат на терен, и да им пружат медицинска помош. Пред лицата да влеза на терен играчот на Црниот тим бр. 5 е спремен за игра. Играчот на Белиот тим бр. 4 прима медицинска помош на терен. По 20 секунди натпреварот може да продолжи. Коректна одлука?
а) По примање на медицинска помош на терен, играчот на Белиот тим бр.4 мора да ја напушти играта и може да влезе кога ќе се заврши третиот напад на неговиот тим.
б) Со оглед дека играчот на Црниот тим не примил медицинска помош на терен него му е дозволено да ја продолжи играта.
в) Играчот на Црниот тим бр. 5 мора да ја напушти играта, и може да влезе кога ќе завршат 3 напади на тимот.

114. Играчот на Белиот тим бр.2 е повреден и потребна му е медицинска помош на терен. Првото полувреме завршува по првиот напад на неговиот тим. Кога судиите свират за почеток на второто полувреме, играчот на Белиот тим бр.2 е на терен во текот на нападот на неговиот тим. Коректна одлука?
а) Мерачот на време веднаш ја прекинува играта и ги известува судиите. б) 2 минути исклучување за играчот бр.2 на Белиот тим.
в) Играта продолжува
г) Слободно фрлање за Црниот тим од просторот за замена на играчи
д) Нема исклучување за играчот бр.2, но тој мора да го напушти теренот. Белиот тим го задржува поседот на топката, бидејќи дошло до грешка на мерачот/делегатот.

115. Играчот на Белиот тим е повреден и прима медицинска помош на терен. По третманот играчот мора да го напушти теренот и може да влезе по третиот напад на неговиот тим. По вториот напад на Белиот тим, службеното лице А на Белиот тим, бара од играчот бр.4 да влезе на терен да ја изврши одбрамбената задача. Играчот бр. 4 се менува со соиграчот бр. 6 и влегува на терен да игра само во одбрана. Коректна одлука?
а) Играта продолжува, играчот на Белиот тим бр.4 може да игра во одбрана.
б) Опомена за играчот на Белиот тим бр. 4 затоа што влегол на теренот прерано в) 2 минути исклучување на играчот на Белиот тим бр.4 поради погрешна замена.

116. Играчот на Белиот тим бр.11 се лизга по теренот и застанува надвор од теренот на спротивната страна од просторот за замена на играчи. При тоа удира со главата во рекламниот панел. Судиите веднаш ја прекинуваат играта и повикуваат помош за играчот бр.11. По 20 секунди играчот бр. 11 е спремен за игра. Коректна одлука?

а) На играчот бр.11 на Белиот тим му е дозволено да ја продолжи играта, затоа што лежел надвор од теренот додека примал помош.
б) Играчот бр.11 на Белиот тим мора да го напушти теренот, и може да влезе откако ќе завршат три напади на неговиот тим.

117. По една минута игра, доаѓа до дуел помеѓу играчот на Белиот тим бр.6 и играчот на Црниот тим бр. 3. Играчот на Црниот тим бр.3 лежи на подот и е повреден. Судиите усмено го предупредуваат играчот на Белиот тим. Играчот бр. 3 на Црниот тим бара помош на теренот. По применета помош спремен е да го продолжи натпреваротн. Коректна одлука?
а) На играчот на Црниот тим бр. 3 му е дозволено да го продолжи натпреварот
б) Играчот бр.3 на Црниот тим мора да го напушти теренот, и може да влезе откако ќе завршат три напади на неговиот тим.

118. Црниот тим е во контранапад. Додека играчот на Црниот тим бр. 2 ја води топката турнат е од играчот на Белиот тим бр.10. Тој делумно ја губи контролата над телото, но успева да му ја додаде топката на соиграчот бр. 4 кој постигнува гол. По постигнатиот гол играчот бр. 4 го повредува зглобот, додека се враќа во одбрана. Судиите го прекинуваат натпреварот, му дават 2 минути исклучување на играчот на Белиот тим бр.10, и даваат дозвола две лица да велезат на терен и да му пружат помош на играчот бр. 4. По 30 секунди играчот на Црниот тим бр. 4 е спремен за игра. Коректна одлука?
а) На играчот на Црниот тим бр. 4 му е дозволено да го продолжи натпреварот.
б) Играчот бр. 4 на Црниот тим мора да го напушти теренот, и може да влезе кога ќе се завршат 3 напади на неговиот тим

119. Играчот на Белиот тим бр.11 шутира на голот. Топката го погодува одбранбениот играч на Црниот тим бр. 2 во лицето, и потребна му е медицинска помош на терен. По 20 секунди играчот на Црниот тим бр. 2 е спремен за игра. Коректна одлука?
а) На играчот на Црниот тим бр.2 му е дозволено да продолжи бидејќи повредата е поради удар на топката во лице
б) Играчот бр. 3 на Црниот тим мора да го напушти теренот, и може да влезе откако ќе завршат три напади на неговиот тим

120. Пивотот на Црниот тим бр.2 лежи во голманскиот простор на Белиот тим, по шутот на голот и бара помош поради повреда на ногата. Белиот тим започнал контра напад. Коректна одлука?
а) Судиите веднаш ја прекинуваат играта и покажуваат сигнали 15 и 16, и даваат дозвола медицинска помош да влезе на терен и да му пружи помош на играчот бр. 2.
б) Да се почека да заврши контранападот на Белиот тим, па потоа да се прекине играта и да се повика помош за играчот бр.2 на Црниот тим.

121. Играчот на Белиот тим бр. 2 се загрева без заштита на лактите. Белиот тим е во посед на топката. Играчот бр.2 влегува на терен, преку коректна замена. Судиите увидуваат дека играчот бр. 2 носи заштита на лактите со непокриени тврди делови. Коректна одлука?
а) Играта продолжува, дозволено е да се носи заштита на лактите со непокриени тврди делови.
б) Судиите ја прекинуваат играта, играчот на Белиот тим бр.2 мора да го напушти

теренот, и може да влезе по отстранувањето на заштитата за лактот, или прекривање на тврдите компоненти.
в) Судиите го прекинуваат натпреварот, играчот на Белиот тим бр.2 мора да го напушти теренот и може повторно да влезе само откако ќе ја отстрани заштитата за лактот.
г) Прогресивна казна за играчот на Белиот тим бр. 2
д) Прогресивна казна за одговорното службено лице на Белиот тим
ѓ) Слободно фрлање за Белиот тим
е) Слободно фрлање за Црниот тим

122. Додека Белиот тим напаѓа во близина на 9м, играчот на Белиот тим бр.7 влегува на терен преку коректна замена, и на себе има тренерка со долги ракави со жолта боја преку белиот дрес. Коректна одлука.
а) Тајм–аут, играчот мора да ја соблече тренерката пред продолжување на натпреварот
б) Слбодно фрлање за Црниот тим
в) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр. 7
г) Слободно фрлање за Белиот тим

123. Екипата во БЕЛО има посед на топката, кога мерачот на време го прекинува натпреварот. Мерачот на време ги известува судиите дека играчот 11 од БЕЛАТА екипа влегол во терено, и дека таков број нема во записнико. Се увидело дека службениот преставник на екипата во БЕЛО погрешно го пријавил во записникот со број 13. Која е правилна одлука?
а) Слободно фрлање за екипата во БЕЛО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Играчот 11 од БЕЛАТА екипа не му е дозволено да учествува во играта
г) Грешката е исправена, и играчот 11 од БЕЛАТА екипа може да учествува во играта д) Забелешка во записникот
ѓ) Прогресивна исклучување за службениот преставник на екипата во БЕЛО

124. 10 секунди пред крајот на натпреварот резултатот е 29:29. Голманот бр.12 од екипата во БЕЛО изведува голманско фрлање и ја додава топката до играчот бр.11 од екипата во БЕЛО. Играчот бр.11 од екипата во БЕЛО мисли дека играчот бр.9 од екипата во БЕЛО е слободен на линијата од голманскиот простор на екипата во ЦРНО. Пред да ја додаде топката до играчот бр.9 од екипата во БЕЛО, мерачот на време ја прекинува играта поради погрешна замена. Играчот бр.2 од екипата во ЦРНО влегол во теренот пред играчот бр.4 од екипата во ЦРНО да го напушти теренот. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Слободно фрлање за екипата во Бело
в) Седмерец за екипата во БЕЛО
г) 2 минути исклучување за играчот бр.2 во ЦРНО
д) Дисквалификација за играчот бр.2 во ЦРНО (црвен картон покажан од страна на судиите)

125. 10 секунди пред крајот на натпреварот резултатот е 29 : 29. Голманот 12 од екипата во БЕЛИ изведува голманско фрлање и ја додава топката до играчот 11 од екипата во БЕЛО. Играчот 11 од екипата во БЕЛО мисли дека играчот 9 од екипата во БЕЛО е слободен на линијата од голманскиот простор на екипата во ЦРНО. Тој ја додава топката до играчот 9 од екипата во БЕЛО. Пред играчот 9 од екипата во БЕЛО да изведе удар на

голот, делагатот ја прекинува играта поради погрешна замена. Играчот 2 од екипата во ЦРНО влегол во терен пред играчот 4 од екипата во ЦРНО да го напушти. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Слободно фрлање за екипата во БЕЛО
в) 7-метри за екипата во БЕЛО
г) 2-минути исклучување за играчот 2 од екипата во ЦРНО
д) Дисквалификација играчот 2 од екипата во ЦРНО (црвен картон покажан од страна на судиите)
ѓ) Делегатот требало да почека додека не заврши јасната шанса за постигнување гол пред да го прекине натпреварот.

126. Можно е да се користи повторена снимка (VR) на овој натпревар. БЕЛИОТ тим е во контранапад. БЕЛИОТ 7 ја има топката на линија на центарот. Во тој момент ЦРНИОТ 9 влегува на теренот како прекуброен играч. БЕЛИОТ 7 му ја додава топката на БЕЛИОТ 11 кој има јасна шанса за постигнување на гол. Во тој момент делегатот свири поради дополнителниот играч на теренот. Која е точната одлука?
а) Користете го повторената снимка (ВР) за да видите кој влегол на теренот како прекуброен играч и да видите кога играчот влегол.
б) 2 минути исклучување за ЦРНИОТ 9
в) Тајм-аут
г) Дисквалификација без писмен извештај за ЦРНИОТ 9 (црвен картон покажуваат судиите)
д) Дисквалификација со писмен извештај за ЦРНИОТ 9 (црвени и сини картони покажуваат судиите)
ѓ) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
е) Седмерец за БЕЛИОТ тим
ж) Делегатот требало да почека додека не заврши јасната шанса за постигнување гол пред да го прекине натпреварот

127. Голманот на Црниот тим бр.1 го брани ударот на голот и почнува контра напад. При изведување на голманското фрлање, со едната нога ја преминува линијата на голманскиот простор. Која е правилната одлука?
а) Играта продолжува
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Повторено голанско фрлање со свиреж.

128. Голманот на Белиот тим бр.12 стои надвор од голманскиот простор, во полето за игра. Примајќи топка од соиграчот, голманот прави чекор назад во сопствениот голмански простор, додека со другата нога останува во полето за игра. Која е правилната одлука?
а) Седмерец за Црниот тим
б) Играта продолжува
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) 2 минути исклучување за голманот

129. Голманот на Белиот тим бр.12 го брани шутот кон голот и се фрла по топката која оди во насока кон полето за игра. Голманот стигнува до топката, се лизга преку линијата на голманскиот простор, и ја додава топката во полето за игра на својот соиграч. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Играта продолжува без прекин
в) Голманско фрлање за Белиот тим после знак со свиреж.

130. Голманот на Црниот тим бр.1 го брани шутот кон голот. Топката се тркала кон полето за игра. Во обид да ја спречи топката да дојде до играчот на Белиот тим бр.15 кој чека на линијата за голаманско фрлање, тој ја одбива топката со нога малку пред играчот бр.15 да ја фати, и ја исфрла преку гол-аут линијата. Правилна одлука?
а) Седмерец за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Играта продолжува без прекин
г) Прогресивно казнување за голманот на Црниот тим бр.1 затоа што го загрозил противникот.

131. Голманот на Белиот тим бр.12 не успева да ја контролира топката. Топката во голманскиот простор трнува кон аут линијата. Голманот ја користи ногата, и ја исфрла топката преку гол-аут линијата. Правилна одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Аут за Црниот тим
г) Прогресивно казнување на голманот.

132. Голманот на Белиот тим бр.1 го брани ударот. Топката се тркала кон полето за игра каде играч на Црниот тим бр.6 сам чека да ја дофати топката. Голманот на Белиот тим успева да ја сопре топката со нога кога таа дошла на линијата на голманскиот простор. Која е правилната одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим со свиреж
б) Прогресивно казнување за голманот на Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим

133. Играчот на Црниот тим бр.18 шутира кон голот. Шутот е блокиран од страна на играчот на Белиот тим бр.7, така да топката ја менува насоката и оди кон гол–аут линијата . Голманот на Белиот тим бр.1 трча по топката и ја удира со нога, за да ја помине гол-аут линијата. Одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Опомена за голманот на Белиот тим бр.1

134. Голманот на Црниот тим бр.12 скока во висина во својот голмански простор да го фати долгото додавање кон играчот на Белиот тим бр.7. Голманот ја фаќа топката доека е во воздух и со топката доскокнува со една нога во голамнскиот простор, а со другата во полето за игра. Од таа положба ја додава топката до соиграчот бр.3. Одлука?

а) Седмерец за Белиот тим
б) Играта продолжува
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Корекција и голманско фрлање со свиреж.

135. Играчот на Белиот тим бр.9 му ја додава топката на својот голман бр.1, кој стој во полето за игра. Играчот на Белиот тим бр.9 е спречен, затоа тој ја фрла топката превисоко, така да голманот на Белиот тим бр. 1 е принуден да се врати назад и да влезе во голманскиот простор со една нога, во моментот на фаќање на топката. Одлука?
а) Играта продолжува
б) Тајм–аут
в) Седмерец за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

136. Судијата досудува слободно фрлање за Белиот тим, пред линијата на сопствениот голмански простор. Голманот на Белиот тим бр. 1 со една нога во голманскиот простор, а со другата во полето за игра. Тој му ја додава топката на соиграчот бр.8 кој постигнува гол. Одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Повторување на слободното фрлање надвор од голманскиот простор на Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим пред голманскиот простор на Белиот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим
ѓ) Седмерец за Белиот тим

137. Судијата му досудил чекори на играчот на Црниот тим бр. 21. Играчот ја спушта топката на подот, на линија на голманскиот простор на Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 сака да го изведе фрлањето. Тој се потпира со едната рака на подот во полето за игра, но истовремено со едната нога стои во голманскиот простор. Од оваа положба тој му ја додава топката на соиграчот бр.3 кој тргнал во контранапад и постигнува гол за тимот. Одлука?
а) Повторување на слободното фрлање за Белиот тим после знак со свиреж
б) Гол за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим, бидејќи слободното фрлање од играчот на Белиот тим бр.12 изведено на неправилен начин.
г) Тајм–аут

138. Голманот на Црниот тим бр.1 го напуштил својот голмански простор. Тој скока во полето за игра и ја фаќа топката фрлена од соиграчот, додека е уште во воздух. Потоа тој доскокнува со двете нозе внатре во голманскиот простор. Одлука?
а) Играта продолжува
б) Голманско фрлање за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим г) Седмерец за Белиот тим
д) Тајм–аут

139. Топката е на подот, во полето за игра, веднаш до голманскиот простор на Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.1 стои внатре во голманскиот простор и ја подигнува топката, за да го спречи противникот да ја земе. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Црниот тим
в) Прогресивно казнување за играчот на Белиот тим бр.1
г) Нема интервенција, ова е дозволено

140. Топката лежи на линијата од голманскиот простор. Напаѓачот на Белиот тим бр.7 ја подигнува топката и се обидува да постигне гол. Играчот на Белиот тим бр.7 непрописно е нападнат во јасна ситуација за постигнување на гол. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим

141. Топката се тркала во голманскиот простор на Белиот тим. Играчот на Црниот тим бр. 8 ја подигнува топката и постигнува гол. Исправна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Голманско фрлање за Белиот тим
в) Гол
г) Почетно фрлање

142. Играчот на Белиот тим стои со двете нозе во полето за игра и ја фаќа топката која се одбила од неговиот голман. Затоа што играчот бр.3 е правилно спречен од страна на играчот на Црниот тим бр. 10, тој неколку пати ја удира топката од подот во сопствениот голмански простор. Која е правилната одлука?
а) Играта продолжува без прекин
б) Седмерец за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим

143. Играчот на Белиот тим бр.7 е надвор од голманскиот простор на Црниот тим, но ја фаќа топката која е во воздух над голманскиот простор и постигнува гол. Која е правилната одлука
а) Гол за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим, со свиреж.

144. Играчот на Белиот тим бр.8 кој правилно го напаѓаат неколку противнички играчи, намерно ја исфрла топката во својот голмански простор каде таа застанува. Голманот на Белиот тим бр. 1 не ја зема топката. Правила одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) Голманско фрлање по свирежот за Белиот тим
в) Седмерец за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

145. Играчот на Белиот тим бр.5 намерно ја фрла топката во голманскиот простор на својот тим. Топката удира во стативата и се тркала кон полето за игра. Голманот на екипана бр.12 ја зема и ја додава на соиграчот бр.7 кој постигнува гол. Правилна одлука?
а) Седмерец за Црниот тим
б) Гол
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Голманско фрлање за Белиот тим

146. Црниот тим постигнал гол и играчот на Белиот тим бр.10 изведува почетно фрлање. Тој нема ниеден свој играч слободен и го изненадува својот голман бр.12 фрлајќи му ја топката иако тој се наоѓа во својот голмански простор. Голманот ја фаќа топката и му ја додава на соиграчот бр.9. Одлука?
а) Играта продолжува без прекин
б) Седмерец за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Почетното фрлање се повторува по корекцијата.

147. Одбранбениот играч на Црниот тим бр.7 гледа дека пивотот на Белиот тим бр.9 ќе биде потполно сам пред голманот ако ја прифати топката. Бидејќи истата работа ја направил и порано, тој трча околу играчот бр.9, низ голманскиот простор, така да тој не може да ја прими топката . Играчот на Црниот тим бр.7 веќе е надвор од линијата на голманскиот простор, кога играчот бр.9 ја прифаќа топката. Играчот на Белиот тим бр.9 се врти и втрчува на играчот на Црниот тим бр.7. Одлука?
а) Седмерец за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Прогресивно казнување за играчот на Црниот тим бр.7

148. Топката се одбива од голманот на Црниот тим бр.1 назад кон напаѓачот на Белиот тим бр.4 кој ја чека на линијата на голманскиот простор. За да ја спречи јасната прилика за гол, играчот на Црниот тим бр.2 влегува во голманскиот простор, и го спречува напаѓачот на Белиот тим бр. 4 да ја прими топката. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Прогресивно казнување на играчот на Црниот тим бр. 2
г) Дисквалификација за игрчот на Црниот тим бр.2 (судиите покажуваат црвен картон)

149. Играчот на Белиот тим бр.10 ја додава топката назад во својот голмански простор. Голманот бр.1 скока и ја фаќа топката во воздух. Голманот ја држи цврсто топката и доскокнува надвор од голманскиот простор. Одлука?
а) Играта продолжува
б) Голманско фрлање за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим

150. Топката се враќа од играчот на Белиот тим бр.11 назад во голманскиот простор, каде голманот бр.1 скока и ја фаќа топката во воздух. Голманот ја држи цврсто топката и доскокнува со едната нога во голманскиот простор, а со другата во полето за игра. Коректна одлука?
а) Играта продолжува
б) Голманско фрлање за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим

151. Играчот на Белиот тим бр.7 на напаѓачкиот тим ја има топката во посед и зачекорува во голманскиот простор на противникот. Коректна одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Голманско фрлање за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим со свиреж
г) Слободно фрлање за Црниот тим со свиреж

152. Топката лежи во голманскиот простор на Белиот тим. Во тој момент мерачот на време свири од записничка маса и објаснува дека играчот на Белиот тим бр.5 направил погрешна измена. Исправна одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.5
в) Слободно фрлање за Црниот тим на линијата на просторот за слободно фрлање на Белиот тим.
г) Слободно фрлање за Црниот тим на линија на просторот за замена на играчи на Белиот тим.

153. Во кои од наведените ситуации мора да се досуди голманско фрлање?
а) Кога играчот на напаѓачкиот тим кој е во посед на топката го допре голманскиот простор на противникот
б) Кога играчот на напаѓачкиот тим без топка го допре голманскиот простор на противникот и со тоа стекнува предност над противникот.
в) Кога играчот на напаѓачкиот тим ја упати топката преку гол–аут линијата на противникот.
г) Кога играчот со топката го допре сопствениот голмански простор.

154. Белиот тим е во напад. Играчот на Црниот тим бр.4 стои надвор од линијата на голманскиот простор. Топката е во воздух и играчот на Црниот тим бр.4 ја фаќа и ја уфрла директно во голманскиот простор. Голманот на Црниот тим бр.1 ја допира топката и таа оди преку гол-аут линијата. Одлука?
а) Аут за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Голманксо фрлање за Црниот тим
д) Прогресивно казнување за играчот на Црниот тим бр. 4

155. Голманот на Белиот тим бр.12 го одбранил ударот и ја има топката под контрола во неговиот голмански простор. Тој сеуште ја има топката во рака, кога мерачот на време свири, поради погрешна измена на играчот на Белиот тим бр. 10. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим од просторот за замена на играчи на Белиот тим
б) Тајм–аут
в) Голманско фрлање за Белиот тим
г) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим
д) Слободно фрлање за Црниот тим од линијата за слободно фрлање на Белиот тим.

156. Голманот на Белиот тим бр.12 скока во полето за игра, во близина на неговиот голмански простор, ја фаќа топката во воздух, која му ја додал неговиот соиграч бр.4 и ја фрла преку сопствената гол-аут линијата. После тоа тој доскокнува во голманскиот простор. Одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Опомена за голманот на Белиот тим бр.12

157. Играчот на Белиот тим бр.9 шутира на голот. Голманот на Црниот тим бр.1 го брани шутот, и топката се тркала кон полето за игра каде што играчот на Црниот тим чека да ја фати. Затоа што голманот се повредил при интервенцијата судиите го прекинуваат натпреварот додека топката сеуште е во голманскиот простор. Коректна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Голманско фрлање за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим

158. Топката се тркала по подот во голманскиот простор на Белиот тим. Во тој момент мерачот на време свири и објаснува дека играчот на Белиот тим бр.5 направил погрешна замена. Права одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим
б) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр. 5
в) Слободно фрлање за Црниот тим на линијата за слободно фрлање на Белиот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим кај просторот за замена на играчи на Белиот тим.

159. Играчот на Белиот тим бр.5 шутира на голот. Голманот на Црниот тим бр.12 го брани ударот и топката оди преку просторот кон играчот бр.11 на Белиот тим, кој стои на линијата на голманскиот простор. Играчот е во јасна ситуација за постигнување на гол ако ја добие топката. Одбранбениот играч на Црниот тим бр.2 скока во насока на топката, и додека е во воздух над голманскиот простор, ја насочува топката во насока на аут линијата. Поради лепилото на себе топката останува да лежи во голманскиот простор, бидејќи ни голманот не ја зема. Коректна одлука?
а) Голманско фрлање за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Прогресивна исклучување за играчот на Црниот тим бр.2

160. Голманот на Белиот тим бр.1 успева да го одбрани шутот кон голот и сака даму ја додаде топката на соиграчот бр.6 кој е спремен за контранапад. Кога голманот ја додава топката ја допира линијата на голманскиот простор. Играчот на Белиот тим бр.6 ја прифаќа топката и постигнува гол. Која е правилната одлука?
а) Гол
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Повторување на голманското фрлање со свиреж г) Голот не важи

161. Играчот на Белиот тим бр.6 е во контра напад. Тој скока, шутира кон голот и доскокнува во голманскиот простор на Црниот тим. Голманот на Црниот тим бр.12 го брани шутот и топката доаѓа до играчот на Белиот тим бр.11 кој постигнува гол, додека играчот на Белиот тим бр.6 лежи помеѓу него и голманот. Коректна одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Голманско фрлање за Црниот тим в) Слободно фрлање за Црниот тим

162. Екипата во БЕЛО е во напад и напаѓа со празен гол. Играчот 11 од екипата во бело шутира на гол. Голманот 1 од екипата во ЦРНО го брани ударот. Тој изведува голманско фрлање на празниот противнички гол. Играчот 10 од екипата во БЕЛО се обидува да го одбрани ударот. Тој скока надвор од својот голмански и додека е во воздух над голманскиот простор ја допира топката. Топката ја поминува надворешната линија. Откако ја допрел топката играчот 10 од екипата во БЕЛО паѓа во голманскиот простор. Која е исправна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во БЕЛО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Седмерец за екипата во ЦРНО
г) Аут за екипата за екипата во ЦРНО
д) Прогресивна исклучување за играчот 10 од екипата во БЕЛО

163. Екипата во БЕЛО е во напад и напаѓа со празен гол. Играчот бр.11 од екипата во бело шутира на гол. Голманот бр.1 од екипата во ЦРНО го брани ударот. Тој изведува голманско фрлање на празниот противнички гол. Играчот бр.10 од екипата во БЕЛО се обидува да го одбрани ударот. Тој скока надвор од својот голмански простор и додека е во воздух над голманскиот простор ја фаќа топката и паѓа внатре во голманскиот простор со топката во рацете. Која е правилна одлука.
а) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
б) Седмерец за екипата во ЦРНО
в) прогресивна исклучување за играчот бр. 10 од екипата во БЕЛО
г) нема казна

164. ЦРНИОТ 5 шутира кон голот. Голманот БЕЛИОТ 12 ја брани топката. За време на одбраната, БЕЛИОТ 12 ја удира главата во стативата и паѓа на подот повреден. ЦРНИОТ 3 го фаќа одбиениот удар од одбраната на голманот и има јасна шанса да постигне гол на линијата на голманскиот простор на БЕЛИОТ тим. Која е правилната одлука?
а) Предност за ЦРНИОТ 3.
б) Веднаш прекинете го натпреварот.
в) Натпреварот продолжува со удар од 7 метри за ЦРНИОТ тим.
г) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
д) Тајм-аут

ѓ) Судиите можат да дадат дозвола на две лица од ЦРНИОТ тим да влезат во теренот за да му дадат медицинска помош на БЕЛИОТ 12.
е) По добивањето медицинска помош, БЕЛИОТ 12 мора да го напушти теренот и може повторно да влезе по третиот напад на својот тим.
ж) По добивањето медицинска помош, БЕЛИОТ 12 може да продолжи да игра без да го напушти теренот.

165. Топката е во воздух и оди кон аут линијата. Играчот на Белиот тим бр.3 успева со рака да ја додаде топката кон соиграчот бр.7 пред таа да ја премине линијата. За да успее во тоа играчот бр.3 ја преминува страничната линија со едната нога. Играчот бр.7 ја фаќа топката и постигнува гол. Која е правилната одлука?
а) Аут за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Гол
г) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.3

166. Ризично додавање на крилото на Црниот тим бр.3 кон пивотот бр.11. Додека топката е во воздух, играчот бр.11 сфаќа дека не може да ја дофати, па ја удира со шаката кон играчот на Црниот тим бр.9 кој стои на средината на игралиштето. Одлука?
а) Играта продолжува без прекин
б) Слободно фрлање за Белиот тим од позицијата на играчот на Црниот тим бр.9 в) Слободно фрлање за Белиот тим од позицијата на играчот на Црниот тим бр.11 г) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.11

167. Играчот на Белиот тим бр.4 стои и ја фаќа топката. Тој скока и доскокнува на десната нога, потоа скока и доскокнува на левата нога и шутира. Колку чекори направил играчот бр.4?
а) 1 чекор
б) 2 чекори
в) 3 чекори
г) 4 чекори

168. Играчот на Белиот тим бр.4 скока и го фаќа додавањето од соиграчот. Доскокнува со двете нозе истовремено. Потоа ја крева десната нога, прави чекор во страна и ја повлекува левата нога кон десната. Колку чекори направил?
а) 1 чекор
б) 3 чекори
в) 0 чекори
г) 2 чекори

169. Играчот го фаќа додавањето од соиграчот додека тој е во воздух, доскокнува на десната нога и скока со таа нога во вис. Потоа најпрво доскокнува на левата нога па потоа ја спушта десната нога и шутира. Колку чекори направил?
а) 3 чекори
б) 2 чекори
в) 1 чекор
г) 0 чекори

170. Играчот на Белиот тим се сопнува со топката но успева да ја задржи под контрола. Потоа прави три чекори, еднаш ја одбива топката од теренот па прави уште три чекори пред да постигни гол. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Гол
в) Голманско фрлање за Црниот тим
г) Аут за Црниот тим Б

171. Играчот на Белиот тим сака да започне напад. Ја удира топката на земја, помеѓу двата контакти со топката, прави пет чекори. Потоа повторно ја фаќа топката и ја додава. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим б) Слободно фрлање за Белиот тим в) Играта продолжува
г) Седмерец за Црниот тим

172. Играчот на Црниот тим бр.6 ја фаќа топката, се лизга и паѓа. Лежејќи на грб му ја дофрла топката на соиграчот бр.9. Одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Играта продолжува
в) Слободно фрлање за Црниот тим

173. Играчот на Белиот тим трча помеѓу два противнички играчи и ја турка топката во насока во која трча. Повторно ја фаќа пред да ја допре земјата и патот до голот на Црниот тим е отворен. Играчот бр. 3 од Белиот тим ја удира топката уште еднаш на земја и ја уфрла во голот. Која е правилната одлука?
а) Гол
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим

174. По водењето на топката играчот на Белиот тим сака да му ја додаде топката на соиграчот бр.5 кого го покрива противничкиот играч. Играчот бр.7 се збунува и ја испушта топката и повторно ја фаќа пред да ја допре земјата. Одлука?
а) Играта продолжува без прекин
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим

175. Како се казнува повторената пасивна игра?
а) Со слободно фрлање и опомена
б) Со слободно фрлање и со иклучување на 2 минути
в) Со слободно фрлање
г) Со слободно фрлање и дисквалификација (судиите покажуваат црвен картон)

176. Топката кон голот ја упатил играчот бр.4 на Белиот тим, топката се одбила од стативата на Црниот тим, го погодила судијата во голманскиот простор близу голот и при тоа ја поминала аут линијата на игралиштето, а не гол-аут линијата.
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим

177. Белиот тим изведува аут. Играчот бр.5 ја уфрла топката во полето за игра која го погодува судијата и влегува во голот на Црниот тим. Која е правилната одлука?
а) Повторување на аутот, по свирежот
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Гол за белиот тим

178. Играчот на Црниот тим бр.3 изведува скок шут, а играчот на Белиот тим бр.9 ја блокира топката. Топката паѓа на земја. Играчот на Белиот тим бр.9 ја подигнува топката со двете раце и започнува водење на топката во контранапад, од кој постигнува гол. Одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.9 на 2 минути.
г) Тајм–аут

179. Играчот на Белиот тим бр.5 ја води топката долж аут линијата. Играчот на Црниот тим бр.2 правилно го спречува. За да го заобиколи играчот бр.2, играчот на Белиот тим бр.5 ја пречекорува аут линијата додека ја води топката. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Играта продолжува

180. По неточното додавање од играчот на Белиот тим бр.3 кон соиграчот бр.9, топката се тркала кон аут линијата близу клупата за резервни играчи на Белиот тим. Играчот на Црниот тим бр.10 е оддалечен 1 метар, спремен е да ја земе топката, кога играчот на Белиот тим бр.9 се фрла по топката и ја насочува во правец кон средината на теренот, назад кон соиграчот бр.3. Потоа играчот бр.9 по инерција се лизнува преку аут линијата. Коректна одлука?
а) Играта продолжува
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Прогресивна исклучување за играчот на Белиот тим бр.9
г) Аут за Црниот тим

181. Играчот на Црниот тим кој е во напад бр.7 завзема позиција надвор од теренот без топка. Судиите му покажале на играчот дека мора да се врати на терен но тој не реагирал. Правилна одлука:
а) Играта продолжува
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Прогресивна исклучување за играчот бр.7
г) Аут за противничкиот тим

182. Играчот скока во голманскиот простор. Тој има полна контрола над топката и телото, и е во добра позиција за шут. Меѓутоа наместо да шутира на голот, тој се врти во воздух и му ја додава топката назад на соиграчот, кој ја додава понатаму. Одлука?

а) Предупредувачки сигнал за пасивна игра
б) Веднаш слободно фрлање, бидејќи тоа е пасивна игра
в) Веднаш слободно фрлање, бидејќи тоа е неспортско однесување
г) Прогресивно казнување

183. Играчот на Белиот тим бр.3 упатил шут кон голот на Црниот тим и ја погодил стативата.
Топката се тркала надвор од голманскиот простор. Покрај линијата за слободно фрлање, играчот на Белиот тим бр.3 и играчот на Црниот тим бр.4 се фрлаат по топката, не загрозувајќи се еден со друг. Играчот бр.4 успева да ја турне топката до соиграчот бр.6, кој почнува контра напад и постигнува гол. Одлука?
а) Опомена за играчот на Белиот тим бр.4
б) Гол за Црниот тим
в) Слободно фрлање за тимот на Белиот и Црниот тим, во зависност од околностите.
г) Голманско фрлање за Црниот тим.

184. Играчот на Белиот тим бр.10 пробува додавање до соиграчот бр.8 кој е пред голманскиот простор на Црниот тим. Играчот на Црниот тим бр.10 стои пред играчот на Белиот тим бр.8 и топката го погодува во ногата. Одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Играта продолжува
в) Зависи кој ја фаќа топката

185. Играчот на Белиот тим бр.15 го блокира додавањето од играчот на Црниот тим бр.12, по што топката се тркала по подот. Играчите на Белиот тим бр.15 и на Црниот тим бр.12 се фрлаат по топката, но сепак играчот на Белиот тим бр.15 ја фаќа топката, се лизга по подот, станува и прави 3 чекори, и потоа ја додава топката кон соиграчот кој постигнува гол. Исправна одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим

186. Резултатот е 24-23 за Белиот тим во 57 минута, но таа на теренот има еден играч помалку од противникот. Судијата во поле доделува слободно фрлање во корист на играчот на Белиот тим бр. 3. Играчот на Белиот тим бр.6 пробува да изведе слободно фрлање неколку метри од местото на прекршокот, и покрај тоа што судијата многу јасно покажал на точното место за изведување на фрлањето. Правилна одлука?
а) Корекција на позицијата, свиреж за продолжување на играта, без натамошни одлуки.
б) Корекција на позицијата, свиреж за продолжување на играта, судиите покажуваат знак за пасивна игра.
в) Корекција на позицијата; прогресивно казнување на играчот на Белиот тим бр.6, свиреж за продолжување на играта, сигнал со рака за пасивна игра.

187. Црниот тим игра со еден играч помалку. Играчите на Црниот тим веќе ги заземале нивните позиции во напад и започнува припремната фаза на нападот. Тогаш играчите на Црниот тим бр.6 и бр.8 одлучуваат да го напуштат полето за игра и извршуваат замена. Одлука?
а) Предупредувачки сигнал за пасивна игра
б) Предупредувачки сигнал за пасивна игра, доколку не го зголемат темпото на игра во

наредните 5 секунди.
в) Веднаш слободно фрлање за Белиот тим, поради пасивна игра
г) Опомена за играчите бр.6 или бр.8 во случај на повторување
д) Исклучување на играчот бр.6 или бр.8 на 2 минути во случај на повторување.

188. После која постапка, предупредувачкиот сигнал за пасивна игра престанува да важи?
а) Враќање на топката во посед на напаѓачот, по одбрана на пенал од страна на голманот б) Враќање на топката во посед на напаѓачот, после нејзиното одбивање од пречката
в) Тим тајм–аут
г) Тимот ја убрзува играта, пред повторно да игра уште поспоро
д) Секоја од постапките од а) до г)

189. Која од следните инструкции е правилна, а се однесува на предупредувачкиот сигнал за пасивна игра (ИХФ сигнал број 17)?
а) Доколку е увидена тенденција за пасивна игра, прво гол судијата покажува со рака знак бр.17. После тоа, судијата во поле ја крева раката и го покажува истиот знак.
б) Доколку после покажувањето на знакот за пасивна игра, тимот во посед на топката побара тимски тајм-аут, тогаш предупредувачкиот сигнал мора да биде покажан повторно, кога играта продолжува
в) Доколку тимот во посед на топката не проба да дојде до позиција да упати удар кон голот, откако знакот на предупредување е покажан, тогаш или гол судијата или судијата во поле досудува слободно фрлање поради пасивна игра.
г) По покажувањето на знак за пасивна игра, судиите мораат да досудат пасивна игра најкасно откако удар на гол не е упатен после 6 додавања

190. Белиот тим одолговлекува со изведувањето на почетното фрлање. Тимот веќе бил предупреден на ова тактичко однесување порано. Правилна одлука?
а) Играта продолжува
б) Тајм-аут; почетно фрлање со свирежот за продолжување
в) Тајм–аут; почетно фрлање со свирежот за продолжување; моментален знак за пасивна игра
г) Почетно фрлање со свирежот за продолжување; моментален знак за пасивна игра
д) Прогресивна исклучување за “одговорниот претставник на Белиот тим“

191. Кои од следните тврдења се точни, а се однесуваат на употребата на предупредувачкиот сигнал за пасивна игра?
а) Предупредувачкиот сигнал секогаш мора да биде сопрен, кога службеното лице на тимот во одбрана биде прогресивно казнето
б) Кога предупредувачкиот сигнал е покажан прв пат за време на нападот, рацете мораат да бидат спуштени по 10 секунди
в) Предупредувачкиот сигнал мора да биде повторен, како потсетување, по првиот прекин, ако бил покажан пред прекинот
г) Предупредувачкиот сигнал секогаш мора да биде сопрен, кога одбранбениот играч ќе биде прогресивно казнет
д) Судиите мораат да покажат знак на предупредување за пасивна игра, кога играчот ја има топката јасно под контрола.

192. Која од следните тврдења поврзани за пасивната игра се точни?
а) На тимот не му е дозволено повеќе од 5 секунди да помине од фаза на припрема на нападот во фаза на завршување на нападот.
б) Судиите мораат да обратат внимание на успорената и задоцнетата замена откако почетното фрлање е изведено.
в) Судиите мораат да обратат внимание дали тимот во фаза на градење на нападот пробува да го убрза темпото или да стекне просторна преднот.
г) Судиите мораат да обратат внимание на пасивна игра штом тимот дошол во посед на сопствената половина на теренот.
д) На тимот кој пробува да изведе контра напад мора да му биде дозволена нормална замена ако е прекинат контранападот и започнала нова фаза на градење на нападот.

193. Белиот тим е во посед на топката. Судиите покажуваат сигнал за пасивна игра. По 3 додавања играчот бр.5 шутира на голот. Ударот е блокиран од играчот на Црниот тим СО бр.2, и топката се враќа до играчот на Белиот тим бр.5, кој му ја додава топката на соиграчот бр.9. Колку додавања има извршено?
а) 3
б) 4
в) 5

194. Белиот тим е во посед на топката. Судиите покажуваат сигнал за пасивна игра. Играчот на Белиот тим бр.9 додава кон соиграчот бр. 2, но топката е блокирана од играчот на Црниот тим бр.8, и топката се враќа до играчот бр.9. Тој пробува продор низ одбраната, но е спречен со фаул. Играчот на Белиот тим бр.8 изведува слободно фрлање, додавајќи му ја топката на соиграчот бр.2. Колку додавање се направени?
а) 1
б) 2
в) 3

195. Белиот тим е во посед на топката. Судиите препознаваат неактивен напад на Белиот тим. Судиите покажуваат предупредувачки сигнал за пасивна игра. Црниот тим го гледа знакот на предупредување и станува поагресивен во одбраната, пробувајќи да направи слободно фрлање. По три додавања на Белиот тим Црниот тим прави слободно фрлање. Коректна одлука?
а) Белиот тим има 4 додавања да упати удар на голот
б) Белиот тим има 2 додавања да упати удар на голот
в) Белиот тим има 1 додавање да упати удар на голот
г) Белиот тим мора да изведе фрлање како директен шут на гол.

196. Белиот тим е во посед на топката. Судиите препознаваат нактивен напад на Белиот тим. Судиите покажуваат сигнал за пасивна игра. Белиот тим имал 4 додавања, пред играчот бр.9 да упати удар на гол. Ударот е блокиран од страна на играчот на Црниот тим бр.3 и топката оди преку аут линијата, во аут за Белиот тим. Коректна одлука?
а) Знакот за пасивна игра повеќе не важи
б) Белиот тим има 4 додавања за да упати удар на гол
в) Белиот тим има 2 додавања за да упати удар на гол
г) Белиот тим има 1 додавање за да упати удар на гол.

197. Белиот тим е во посед на топката и поради неактивен напад судиите покажуваат предупредувачки сигнал за пасивна игра. По 4 додавања играчот бр.5 шутира на гол. Играчот на Црниот тим бр.3 го блокира ударот, и топката повторно доаѓа до играчот на Белиот тим бр.5. Коректна одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Белиот тим има едно додавање пред да упати удар кон голот
в) Сигналот за пасивна игра продолжува
в) Сигналот за пасивна игра повеќе не важи
д) Белиот тим нема повеќе додавања пред да упати удар кон голот

198. Екипата во ЦРНО е во напад. Судиите покажуваат предупредувачки сигнал за пасивна игра. Играчот бр.7 од екипата во ЦРНО ја додава топката до играчот бр.11 од екипата во ЦРНО. Играчот бр.11 од екипата во ЦРНО се обидува да се пробие, но е спречен од играчот бр. 3 од екипата во БЕЛО. Судиите судат слободно фрлање за екипата во ЦРНО. Играчот бр. 11 од екипата во ЦРНО го изведува слободното фрлање и ја додава топката до соиграчот со број 2, кој се обидува на шутира на гол, но истиот е спречен од одбранбениот играч бр. 4 од екипата во БЕЛО и топката доаѓа до играчот бр. 11 од екипата во ЦРНО. Играчот бр.11 шутира на гол, но тој е бутнат лесно од играчот бр.5 од екипата во БЕЛО, и голманот бр. 1 од екипата во БЕЛО успева да ја одбрани топката. Која е исправна одлука?
а) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО; нормална нова фаза за припремање на напад, бидејќи екипата во ЦРНО успева да дојде до посед на топката
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО; предупредувачки знак за пасивна игра, екипата во ЦРНО изведе две додавања
в) Слободнофрлање за екипата во ЦРНО; предупредувачки сигнал за пасивна игра, екипата во ЦРНО извела три додавања
г) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО; предупредувачки сигнал за пасивна игра, екипата во ЦРНО извела четири додавања

199. Резултатот е 27:27, 20 секунди пред крајот на натпреварот. Белиот тим игра без голман. Судиите даваат предупредувачки сигнал за пасивна игра. По три додавања, БЕЛИОТ 8 му ја додава топката на БЕЛИОТ 7, кој шутира кон голот. Топката е блокирана од одбранбениот играч ЦРН 2, а топката ја поминува аут линијата. Кратко по изведувањето на аутот од записничката маса се слуша свиреж бидејќи БЕЛИОТ тим побарал тимски тајм-аут. Како треба да се продолжи натпреварот?
а) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
б) Аут за БЕЛИОТ тим.
в) Фрлањето мора да се изврши како директен удар кон голот.
г) Покрај можноста да се изврши изведување како директен удар кон голот, изведувачот може да му ја додаде топката на соиграч.

200. БЕЛИОТ тим е напад. Две додавања откако судиите го дале предупредувачкиот сигнал за пасивна игра БЕЛИОТ 7 шутира кон голот. Топката е блокирана од ЦРНИОТ 8. БЕЛИОТ 8 го прима одбиениот удар и се обидува да шутира кон голот. Повторно, топката е блокирана од ЦРНИОТ 8. БЕЛИОТ 8 ја прима топката по блокот и му ја додава на БЕЛИОТ 6, кој има јасна шанса за гол. БЕЛИОТ 6 е соборен одзади од ЦРНИОТ 7 на начин што целосно ја губи контролата врз телото. Која е правилната одлука?

а) Седмерец за БЕЛИОТ тим
б) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим
в) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 7
г) Дисквалификација за ЦРНИОТ 7 (црвен картон покажан од судиите) д) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
ѓ) Тајм-аут

201. Во контранападот на Белиот тим, играчот на Црниот тим бр.7 влегува во полето за игра како прекуброен играч и го фаќа играчот на Белиот тим бр. 5 така да спречува јасна прилика за гол. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минутина играчот на Црниот тим бр.7
б) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.7 без извештај (судиите покажуваат црвен картон)
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.7 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
г) Слободно фрлање
д) Седмерец

202. Играчот на Црниот тим бр.8 кој не е запишан во записникот на натпреварот, задоцнува и втрчува директно од соблекувалната во полето за игра. При тоа ја спречува јасната ситуација за гол. Тој тоа го направил со туркање на играчот на Белиот тим бр.6 од грбот во моментот на скок шут, така да играчот ја губи контролата над телото. Која е правилната одлука?
а) Седмерец за Белиот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.8 без извештај (судиите покажуваат црвен картон)
г) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.8 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
д) Прогресивно казнување на службениот преставник на Црниот тим.

203. На патот во соблекувалната за време на одморот (помеѓу двете полувремиња), службеното лице Б на Белиот тим им приговара на судиите на некоректен начин. Службеното лице А на Белиот тим е веќе казнето со опомена за време на првото полувреме. Исправна одлука?
а) 2 минути исклучување за службеното лице Б на Белиот тим
б) Дисквалификација за службеното лице Б на Белиот тим (судиите покажуваат црвен картон)
в) Белиот тим го почнува полувремето со 1 играч помалку на терен во траење од 2 мин.
г) Исклучување не е можна, но се поднесува писмен извештај.

204. Играчот на Белиот тим бр.6 веќе има две исклучувања на 2 минути. Сега играчот бр.6 прави и втора неправилна замена за својот тим. Каква е одлуката, ако тој исто така неспортски грубо се однесува, по што судиите го информирале за неговата погрешна замена?
а) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.6
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.6 без извештај (судиите покажуваат црвен картон)

в) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.6 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
г) Белиот тим игра 2 минути со еден играч помалку на терен.
д) Белиот тим игра 2 минути со два играчи помалку на терен
ѓ) Белиот тим игра 4 минути со еден играч помалку на терен.

205. Играчот на Белиот тим бр.2 е исклучен на 2 минути, но службеното лице А на Белиот тим го праќа назад во полето за игра по една минута. Пред да се огласи мерачот на време, играчот бр.2 веќе ја спречил јасната прилика за постигнување на гол на Црниот тим. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим и дополнителна времена исклучување за играчот на Белиот тим бр.2
б) Седмерец за Црниот тим и дополнителна времена исклучување за играчот на Белиот тим бр.2, и тимот и понатаму се редуцира за остатокот од времената исклучување на играчот бр. 2
в) Седмерец, дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 2 без извештај, и тимот и понатаму се редуцира за остатокот од времената исклучување на играчот бр.2 (судиите покажуваат црвен картон)
г) Седмерец, дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.2, писмен извештај и тимот и понатаму се редуцира за остатокот на времената исклучување на играчот бр.2 (судиите покажуваат црвен и плав картон)

206. Во нападот на Белиот тим, кружниот напаѓач на Белиот тим бр.7, кој ја нема топката во посед го блокира со телото противничкиот играч на Црниот тим бр.4. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Прогресивно казнување за играчот на Белиот тим бр.7
в) Играта продолжува без прекин

207. Крилото на Белиот тим бр.4 има јасна прилика за постигнување на гол. Во последен момент играчот на Црниот тим бр.7 пробува да му ја одбие топката од раката, но ја погодува неговата подлактица. Топката го промашува голот. Одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Исклучување на играчот на Црниот тим бр.7 на 2 минути
г) Опомена за играчот на Црниот тим бр.7
д) Нема казнување за играчот на Црниот тим бр.7

208. Играчот на Белиот тим бр.6 тргнува во контра напад, голманот на Црниот тим бр.12 го напушта својот голмански простор со желба да ја фати топката, но се судрува со играчот на Белиот тим бр.6. Меѓутоа одбраната можела да го сопре играчот бр.6 на дозволен начин. Исправна одлука?
а) 2 минути исклучување за играчот на црниот тим бр.12
б) Дисквалификација за играчот на Црниот тим бр.12 (судиите покажуваат црвен картон)
в) Седмерец за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Дисквалификација за играчот на црниот тим бр.12, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)

209. Играчот на Белиот тим бр.2 сака да ја додаде топката кон соиграчот на другата половина на игралиштето, но соиграчот е задржан од играчот на Црниот тим бр.5. Играчот на Црниот тим бр.5 веќе има опомена поради втрчување директно во противникот кој бил без топка. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Исклучување на играчот н Црниот тим бр.5 на 2 минути
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.5 (судиите покажуваат црвен картон)
г) Писмен извештај (судиите покажуваат плав картон)

210. Топката доаѓа до пивотот на Белиот тим бр.9 кој сам стои пред линијата на голманскиот простор на противникот. За раката со која шутира го повлекува одназад играчот на Црниот тим бр. 2. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Исклучување на 2 минути на игралот на Црниот тим бр.2
г) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.2 (судиите покажуваат црвен картон)
д) Писмен извештај (судиите покажуваат плав картон)

211. Набргу откако играчот на Црниот тим бр.9 е опоменат поради туркање во првата минута на натпреварот, неговиот соиграч бр.7 го држи кружниот напаѓач на Белиот тим (не е јасна ситуацијата за постигнување на гол). Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Опомена за играчот на Црниот тим бр. 7
г) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.7

212. Играчот на Белиот тим бр.4 добива топка кај голманскиот простор на противникот и пред него е само голманот. Пред играчот бр.4 да проба да постигне гол, играчот на Црниот тим бр.3 го соборува така што тој ја губи топката. Одлука?
а) Опомена за играчот на Црниот тим бр.3
б) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.3
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.3 (судиите покажуваат црвен картон)
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Седмерец за Белиот тим

213. Кога играчот мора да се дисквалификува (црвен или црвен + плав картон) покажан од страна на судијата?
а) За прекршок кој го загрозува здравјето на противникот
б) За екстремно неспортско однесување на теренот и надвор од него
в) За повторно неспортско однесување во полето за игра.
г) За неправилна замена во текот на издржувањето на исклучувањета (не е јасна ситуацијата за постигнување на гол)

214. За време на контранападот играчот на Белиот тим бр.5, службеното лице Ц на Црниот тим втрчува од клупата во правец на својот голмански простор. Играчот бр.5 се збунува така што престанува да трча. По мислење на судијата, тој е во јасна ситуација за постигнување на гол. Службеното лице кое го направило прекршокот, не го допрел

противничкиот играч кој ја имал топката, најкратката оддалеченост помеѓу него и играчот на Белиот тим бр.5 е отприлика 10 метри. Коректна одлука?
а) Тајм –аут
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Дисквалификација на службеното лице Ц на Црниот тим без извештај ( судиите покажуваат црвен картон)
д) Дисквалификација на службеното лице Ц на Црниот тим со пишан извештај ( судиите покажуваат црвен и плав картон)
ѓ) Црниот тим се редуцира за еден играч на терен во траење од 2 минути.
е) Делегатот или судиите имаат можност да почитуваат предност и да свират за прекршокот кога јасната шанса за постигнување гол ќе биде завршена.

215. Белиот тим е во контранапад. Играчот на Белиот тим бр.5 сака да му ја додаде топката на соиграчот бр.7 кој е сам на линијата на голманскиот простор на противничкиот тим. Играчот бр.5 ја фрла топката, службеното лице Д на Црниот тим втрчува во полето за игра и ја фаќа топката. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим.
б) Седмерец за белиот тим
в) 2 минути исклучување за службеното лице Д на Црниот тим (црвен картон)
г) Дисквалификација без пишан извештај за службеното лице Д на Црниот тим (црвен картон)
д) Дисквалификација со пишан извештај за службеното лице Д на црниот тим (црвен и плав картон)
ѓ) Црниот тим се редуцира за еден играч на терен во траење од 2 минути.

216. Кои од подолу наведените постапки треба да се окарактеризираат како екстремно неспортско однесување и поради тоа да се додели исклучување дисквалификација со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)?
а) Повторна одбрана со стапало или со подколеница од страна на играчот во поле.
б) Кога службеното лице ја спречува јасната ситуација за гол
в) Плукање по друго лице
г) Повторно одолговлекување на играта заради добивање во време

217. Додека влегувале во салата во која се игра натпреварот судиите се сретнале со играчот на Црниот тим бр.4 кој е во спортска опрема но не е запишан во записникот на натпреварот. Истиот играч со бр.4 прокоментирал “не пак овие идиоти”. Се играло 12 минута од натпреварот кога играчот бр. 4 на Црниот тим е додаден во записникот на натпреварот како 14 играч на својот тим. Тоа судиите го забележале. Правилна одлука?
а) Дисквалификација без писмен извештај за играчот на Црниот тим бр.4 (црвен картон)
б) Црниот тим се редуцира на терен за еден играч во траење од 2 минути
в) Црниот тим го продолжува натпреварот без редукција на теренот.
г) Дисквалификација со писмен извештај за играчот на Црниот тим бр. 4 (црвен и плав картон)
д) Црниот тим може да запише и друг играч, и да го комплетира тимот до број од 14 играчи

218. По досуденото слободно фрлање за Белиот тим, службеното лице Ц на Црниот тим влегува во полето за игра и вика “Тоа требаше да биде слободно фрлање за нас” . Службените лица на Црниот тим порано немале опомени во текот на играта. Која е правилната одлука?
а) Одговорното службено лице на Црниот тим мора да го одведе службеното лице Ц надвор од салата
б) Исклучување на 2 минути за службеното лице Ц на Црниот тим , Црниот тим се редуцира за еден играч на терен во траење од 2 минути.
в) Опомена за службеното лице Ц на Црниот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим

219. Играчот на Белиот тим бр. 3 е опоменат за прекршок кој прогресивно се казнува во полето за игра. Откако е заменет истиот играч го навредува судијата од клупата за резерни играчи. Која е правилната одлука?
а) Дисквалификација без писмен извештај за играчот на Белиот тим бр. 3 (судиите покажуваат црвен картон), и Белиот тим се редуцира за еден играч на терен на 2 минути.
б) Дисквалификација со писмен извештај за играчот на белиот тим бр.3 (судиите покажуваат црвен и плав картон), Белиот тим се редуцира за еден играч на терен на 2 минути.
в) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр. 3, и Белиот тим се редуцира за еден играч на терен на 2 минути.
г) Тајм–аут

220. За време на контранападот играчот на Белиот тим бр. 4, кој веќе има опомена го влече играчот на Црниот тим бр.9 за дрес. И покрај тоа играчот бр.9 успева да му ја додаде топката до соиграчот бр. 8 кој постигнува гол. Судијата сака да го казни играчот на Белиот тим бр.4, отпосле, но тој тогаш веќе седи на клупата за резерви играчи. Правилна одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Белиот тим бр.4; тимот мора да биди редуциран во полето за игра за еден играч на 2 минути.
б) Играчот на Белиот тим бр.4 не смее да игра во следните 2 минути, но тимот во полето за игра е комплетен.
в) Исклучување повеќе не е можна
г) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр. 4 (црвен картон), тимот се редуцира на терен за еден играч на 2 минути.

221. Кога треба да се дисквалификува играчот (судиите покажуваат црвен или црвен + плав картон?
а) За грубо неспортско однесување
б) За спречување на јасна ситуација за постигнување на гол со блокирање на шутот или намерни додавања со користење на потколеницата и стапалото.
в) За неправилна замена за време на траење на временското исклучување (не е јасна ситуацијата за постигнување на гол)
г) За неоставање на топката при досудено слободно фрлање против сопствениот тим (не е во последните 30 секунди)

222. Црниот тим е во напад. Играчот на Белиот тим бр. 11 му ја одзема топката на играчот на Црниот тим бр.6 со груб прекршок кој го загрозува неговото здравје. Два играчи на

Белиот тим бр.7 и бр.8 се помеѓу играчот на Црниот тим бр.6 и голманот. Правилна одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Белиот тим бр.11
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.11 (судиите покажуваат црвен картон) в) Седмерец за црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

223. Кои од наведените прекршоци мораат да бидат казнети со дисквалификација и писмен извештај во согласност со правилата на игра (црвен + плав картон)?
а) Службеното лице на тимот влегува во полето за игра по втор пат без дозвола
б) Службеното лице на тимот пробува да го присили тимот да го напуштат натпреварот
в) Кога изведувачот на седмерецот го погодува голманот во глава, а голманот да не ја движел главата во правец на топката.
г) По судиска одлука играчот демонстративно ја фрла топката на трибините.
д) Играч надвор од теренот плукне гледач.

224. Играчот на Белиот тим бр.3 исклучен е на 2 минути поради прекршок и сега е на клупата. При изведување на аутот во близина на клупата, истиот играч бр.3 го навредува судијата. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Белиот тим бр.3
б) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.3 без писмен извештај, која со себе повлекува моментална редукција на 2 минути на Белиот тим (судиите покажуваат црвен картон).
в) Белиот тим ќе биде редуциран за еден играч на терен вкупно 4 минути.
г) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.3 со писмен извештај, која со себе повлекува моментална редукција на 2 минути на Белиот тим (судиите покажуваат црвен и плав картон)

225. Разочаран со грешката, играчот на Белиот тим бр. 3 му удира шамар на еден од неговите
соиграчи. Правилна одлука?
а) Ништо, бидејќи го нападнал соиграчот
б) Исклучување на 2 минути за играчот на Белиот тим бр.3
в) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.3 без писмен извештај (судиите покажуваат црвен картон)
г) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.3 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)

226. Влегувајќи во салата судиите го сретнуваат играчот на Црниот тим бр.4 кој веќе е облечен во дрес и кој им дофрла “Не, пак овие идиоти“. Судиите утврдиле дека бр. 4 се наоѓа во записникот на натпреварот. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.4 на почетокот на натпреварот.
б) Дисквалификација на играчот бр.4 без писмен извештај (судиите покажуваат црвен картон), Црниот тим на почетокот се редуцира за еден играч во поле на 2 минути.
в) Дисквалификација на играчот бр.4 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон), Црниот тим може да користи 14 играчи во натпреварот.

г) Дисквалификација на играчот бр. 4 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон) , Црниот тим може да користи 14 играчи во натпреварот , но на почетокот се редуцира за еден играч во поле на 2 минути.

227. На загревањето пред натпреварот играчот на Белиот тим бр. 3 и голманот на Црниот тим бр.1 случајно се судруваат. Се нервираат и голманот на Црниот тим бр.1 го удира играчот на Белиот тим бр.3, играчот бр.3 веднаш му возвраќа. Двата играчи се внесени во записникот на натпреварот.
Правилна одлука?
а) Дисквалификација на голманот на Црниот тим бр.1, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон) и 2 минути исклучување на играчот на Белиот тим бр.3. Тимовите можат да користат 14 играчи.
б) Дисквалификација на двата играчи, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон). Тимовите можат да користат 14 играчи, но на почетокот на натпреварот двете се редуциаат за еден играч во поле на 2 минути.
в) Двата играчи се исклучуваат на 2 минути, кои мораат да се отслужат на почетокот на натпреварот. Писмен извештај
г) Дисквалификација на двата играчи. Писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон). Тимовите можат да користат 14 играчи.

228. Играчот на Белиот тим бр.9 се одразил на скок шут. Играчот на Црниот тим бр. 5 од грб го фаќа за раката со која шутира и го повлекува кон долу. Помеѓу играчот на Белиот тим и голманот се два одбранбени играчи бр.10 и бр.11. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.5 (судиите покажуваат црвен картон)
г) Исклучување на играчот на Црниот тим бр. 5 на 2 минути
д) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.5 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)

229. Кои од наведените прекршоци мора да биде казнет со дисквалификација?
а) Службеното лице влегува во полето за игра втор пат без дозвола
б) Играчот кој трча во контранапад е повлечен и соборен. Ситуацијата не е опасна
в) Седмерец изведен во лице на голманот кој не се движи
г) По судиска одлука играчот во знак на протест ја фрла топката на трибините.
д) Голманот го напушта голманскиот простор и ја фаќа топката, но при движење се судира со противникот кој трча во контра нападот.

230. По третото исклучување на 2 минути играчот на Белиот тим бр.9 е дисквалификуван. Тој во тренерка седи во првиот ред на трибините до аут линијаата, спроти просторот за замена на играчите. Точно пред него, играчот на Црниот тим бр.3 прави прекршок опасен по здравјето на играчот на Белиот тим бр.10. Повредениот играч останува на подот. Пред судиите да ситгнат да го исклучувањет играчот бр.3, играчот на Белиот тим бр.9 втрчува во полето за игра и со удар го соборува играчот на Црниот тим бр.3. Која е исправната одлука?
а) Тајм–аут
б) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр. 3, писмен извештај судиите покажуваат црвен и плав картон.

в) Играчот на Белиот тим бр.9 не учествува во натпреварот, дополнителен извештај не е можен.
г) Писмен извештај за однесувањето на играчот на Белиот тим бр.9
д) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.3, без писмен извештај (судиите покажуваат црвен картон)
ѓ) Играчот на Белиот тим бр.10 мора да го напушти теренот по пружената медицинска помош и може да влезе откако ќе заврши третиот напад на неговиот тим

231. Опомена мора да се даде за?
а) Прекршоци каде акцијата е насочена на телото на противникот
б) Прекршоци кога противниците изведуваат фрлање
в) Неспуштање на топката на терен кај досуден прекршок против неговата екипа
г) Обид на голманот да изведе замена кога противникот е спремен за изведување на седмерец.

232. Што се смета за неспортско однесување?
а) Фрлање на топката во главата на одбранбениот играч кој не се движи во правец на топката
б) Пасивно држење на голманот во текот на изведување на пеналот, кога е очигледно дека тој не пробува да го брани шутот.
в) Со симулирање - пробување да се залажат судиите
г) Активно блокирање на шутот на гол користејќи ја ногата или потколеницата
д) Повторно влегување во голманскиот простор, од тактички причини
ѓ) Реванширање по прекршок.

233. Во кои ситуации со дисквалификацијата мора да следи писмен извештај (црвен + плав картон)?
а) Физички напад на теренот, за време на паузата помеѓу двете полувремиња
б) Намерна, несовесна и опасна акција
в) Реванширање по прекршок.
г) Злонамерна акција која не е во врска со ситуацијата во играта

234. Почетно фрлање за Белиот тим. Судијата дал знак со свиреж, но топката сеуште не ја напуштила раката на изведувачот бр. 9. Неговиот соиграч бр.3 трча после свирежот на судијата, преку средишната линија и е соборен од грб од страна на играчот на Црниот тим бр.5, кој сакал да го спречи напаѓачот бр.3 да ја прими топката. Одлука?
а) Исклучување на играчот на Црниот тим бр.5 на 2 минути
б) Дисквалификација на играчот на Црниот тимбр.5 без писмен извештај (црвен картон)
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Седмерец за Белиот тим
д) Почетно фрлање за Белиот тим
ѓ) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.5 со писмен извештај (црвен и плав картон)

235. Играчот на Црниот тим бр.8 добил 2 минути исклучување поради погрешна замена. Две секунди по продолжувањето на натпреварот, тој протестира неспортски од клупата за резервни играчи. Одлука?

а) Дополнителни 2 минути исклучување за играчот на Црниот тим бр.8
б) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр. 8 без писмен извештај (црвен картон)
в) Црниот тим игра 1 минута и 58 секунди со два играчи помалку во полето за игра, а потоа со еден играч помалку 2 секунди.
г) Црниот тим игра 2 минути со два играчи помалку во полето за игра
д) Слободно фрлање за Белиот тим
ѓ) Тајм–аут

236. Голманот на Белиот тим бр.1 упатува долго додавање кон соиграчот бр.15 кој трча сам кон противничкиот гол. Голманот на Црниот тим бр.12 го напушта својот голмански простор, скока и ја фаќа топката, но се судира со играчот на Белиот тим бр.15 додека е во воздух. Двата играчи паѓаат на подот и лежат повредени. Правилна одлука?
а) Тајм-аут, исклучување на играчот на Белиот тим бр.15
б) Тајм-аут, исклучување на голманот на Црниот тим бр.12
в) Тајм-аут, дисквалификација на голманот на Црниот тим бр 12
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Слободно фрлање за Црниот тим
ѓ) Седмерец за Белиот тим

237. Црниот тим ја има топката во посед. Делегатот ја прекинува играта, бидејќи службеното лице А на Црниот тим ја фрлило столицата надвор од полето за игра, протестирајќи на одлуката на судијата. Претходно немало казнување на претставникот на Црниот тим. Играчот на црниот тим бр.7 бил во јасна ситуација за постигнување на гол, кога играта е прекината. Одлука?
а) Опомена за службеното лице А на Црниот тим
б) Исклучување за службеното лице А на Црниот тим на 2 минути
в) Дисквалификација за службеното лице А на Црниот тим без писмен извештај (црвен картон)
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Пенал за Црниот тим
ѓ) Дисквалификација за службеното лице А на Црниот тим со писмен извештај (црвен и плав картон)

238. Службеното лице А на Белиот тим гласно протестира против одлуката на судијата, која е против неговиот тим, и вика "Вие сте идиоти". Службеното лице Ц на Белиот тим веќе добило опомена 10 минути порано. Правилна одлука?
а) Опомена за службеното лице А на Белиот тим поради неспортско однесување
б) 2 минути исклучување за службеното лице А на Белиот тим, кој на теренот се редуцира 2 минути за еден играч.
в) Дисквалификација за службеното лице А на Белиот тим, писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон), тимот на терен се редуцира 2 минути за еден играч
г) Тајм–аут

239. Голманот на Белиот тим бр.1 сака да иизведе голманско фрлање. Играчот на Црниот тим бр.3 по втор пат влегува во голманскиот простор и пробува да го спречи голманот при изведување на фрлањето, без контакт со него. Одлука?

а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Голманско фрлање за Белиот тим по свирежот
в) Опомена за играчот на Црниот тим бр.3
г) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.3
д) Тајм-аут

240. Играчот на Белиот тим бр.4 ја допира топката која се тркала по подот на голманскиот простор на Црниот тим. Во следниот момент тој е турнат на подот од страна на играчот на Црниот тим бр.7. Правилна одлука?
а) Прогресивна исклучување за играчот на Црниот тим бр.6
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

241. Играчот на Белиот тим бр. 7 само што добил 2 минути исклучување поради неспортско однесување. Ова е негово прво исклучување. Веднаш по 10 секунди по продолжувањето тој енергично гестикулира на клупата, и понатаму покажувајќи дека не се сложува со судиите. Како треба да биде казнет?
а) Дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.7 без писмен извештај (црвен картон)
б) 2 мин. исклучување за играчот на белиот тим бр.7, тој мора да остане на клупата 4 мин.
в) Играчот на белиот тим бр.7 добива дополнителни 2 минути исклучување, неговиот тим се редуцира на терен за двајца играчи на 1 минута и 50 секунди, а потоа на еден играч на 10 секунди.
г) Опомена, затоа што казнувањето на клупата е одвоено од казнувањето на терен

242. Играчот на Белиот тим бр.6 е турнат од играчот на Црниот тим бр. 3, а овој демонстративно плука на подот пред играчот бр.3. Како ќе биде казнет?
а) Прогресивно казнување
б) Секогаш 2 минути исклучување
в) Дисквалификација без писмен извештај (црвен картон)
г) Дисквалификација со писмен извештај (црвен и плав картон)

243. Голманот на Белиот тим бр.12 трча од голманскиот простор кон играчот на Црниот тим бр.10 кој е во контра напад. Голманот му приоѓа на играчот бр.10 од страната, и го фаќа, но играчот бр.10 сепак ја фаќа топката и ја уфрла во празниот гол. Правилна одлука?
а) Почетно фрлање
б) Тајм–аут
в) Дисквалчификација на голманот на Белиот тим бр.12
г) 2 минути исклучување на голманот на Белиот тим бр.12
д) Седмерец за Црниот тим

244. Голманот на Белиот тим бр.12 изведува голманско фрлање, упатувајќи долго додавање кон соиграчот бр.4, кој трча во контрананапд. Играчот бр.4 скока да ја фати топката и веднаш после тоа се судрува со голманот на Црниот тим бр.1, кој одлучил да го напушти својот голмански простор за да проба да го спречи контранападот. Во моментот на сударот голманот на Црниот тим застанал потполно мирно пред линијата

за 9 метри. По сударот, играчот на Белиот тим бр.4 ја губи контролата над телото и паѓа на подот. Правилна одлука?
а) Прекршок во напад- слободно фрлање за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Прогресивна исклучување за голманот на Црниот тим бр.1
д) Дисквалификација на голманот на Црниот тим бр.1 без писмен извештај (црвен картон)

245. Кои од наведените прекршоци мораат да бидат казнети со дисквалификација со писмен извештај, согласно правилата?
а) Играчот плука кон противникот
б) Службеното лице на тимот пробува да го повлече тимот од терен
в) Изведувачот на седмерецот го погодува голманот во глава, а голманот при тоа не ја движел главата во правец на топката.
г) По судиска одлука, играчот демонстративно ја фрла топката на трибини
д) Играчот надвор од полето за игра плука гледач (посетител) и го погодува
ѓ) Играчот намерно го удира противникот во пределот на стомакот

246. Време на игра е 59:26. Играчот во ЦРНО 10 трча сам во контранапад. Кога ја добива топката од соиграч, играчот во ЦРНО 10 се судира со голманот во БЕЛО 1 кој го напуштил голманскиот простор. Пред да падне, играчот во ЦРНО 10 успева да ја додаде топката на играчот во ЦРНО 7 кој шутира на празен гол но го промашува. Кога судиите даваат тајм-аут време на играта е 59:31. Исправна одлука?
а) Слободно фрлање
б) Седмерец
в) Црвен картон за играчот во БЕЛО 1
г) Плав картон за играчот во БЕЛО 1
д) Голманско фрлање

247. Екипата во БЕЛО е во напад со 7 играчи. Играчот во ЦРНО 5 пресекува едно додавање и ја има топката во посед. Тој во моментот се обидува да шутне на гол, играчот во БЕЛО 2 се обидува да го спречи во тоа, пробивајќи да ја земе топката од неговите раце. Правејќи го тоа играчот во БЕЛО 2 го удира играчот во ЦРНО 5 во подлактицата, така да топката го промашува голот. Исправна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во БЕЛО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Седмерец за екипата во ЦРНО
г) 2 минути исклучување за играчот во БЕЛО 2
д) Тајм-аут

248. Екипата во БЕЛО е во напад со 7 играчи. Играчот во ЦРНО 5 пресекува додавање и има посед на топка. Во моментот се обидува да шутне на гол, играчот во БЕЛО 2 се обидува да го спречи во тоа – го соборува на земја. Топката го промашува голот. Правилна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во БЕЛО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО

в) Седмерец за екипата во ЦРНО
г) 2 минути исклучување за играчот во БЕЛО 2
д) Тајм-аут

249. Екипата во БЕЛО е во напад со 7 играчи. Играчот во БЕЛО 4 шутира на гол, голманот во ЦРНО 1 го брани шутот. Голманот во ЦРНО 1 ја додава топката до играчот во ЦРНО 9. Во моментот кога голманот во БЕЛО 12 влегува во својот голмански простор, играчот во ЦРНО 9 се обидува да шутира на гол, но играчот во БЕЛО 2 го спречува со прекршок. Топката оди преку гол-аут линијата. Исправна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во БЕЛО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Седмерец за екипата во ЦРНО

250. Екипата во БЕЛО е во напад со 7 играчи. Играчот во БЕЛО 4 шутира на гол, голманот во ЦРНО 1 го брани шутот и стои со топката во својот голмански простор, спремен да изведе голманско фрлање. Во тој момент делегатот ја прекинува играта поради погрешна измена, бидејќи голманот во БЕЛО 1
влегол во терен пред играчот во БЕЛО 7 да излезе. Исправна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во ЦРНО после звучен сигнал
б) Тајм-аут
в) Слободно фрлање за екипата во црно
г) Седмерец за екипата во ЦРНО
д) 2 минути исклучување за играчот 1 од екипата во БЕЛО
ѓ) 2 минути исклучување за играчот 7 од екипата во БЕЛО

251. Екипата во БЕЛО е во напад и игра со седум играчи во поле. Играчот 4 од екипата во БЕЛО шутира на гол, но топката ја брани голманот 12 од екипата во ЦРНО. Голманот 12 од екипата во ЦРНО ја додава топката до играчот 9 од екипата во ЦРНО. Играчот 9 од екипата во ЦРНО шутира на гол. Играчот во поле со број 10 од екипата во БЕЛО влегува во својот голмански простор и ја брани топката. Топката поминува преку надворешната гол линија. Правилна одлука?
а) Аут за екипата во ЦРНО
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Седмерец за екипата во ЦРНО
г) Прогресивна исклучување за играчот 10 од екипата во БЕЛО д) 2-минути исклучување за играчот 10 од екипата во БЕЛО

252. Екипата во БЕЛО напаѓа со седум играчи во поле за игра. Играчот 6 од екипата во БЕЛО шутира на гол, но голманот 1 од екипата во ЦРНО го брани шутот. Голманот 1 од екипата во ЦРНО веднаш се обидува да постигне гол на празниот противнички гол, но тој го промашува голот, и топката ја поминува надворешната гол линија. Правилна одлука?
а) Голманско фрлање за екипата во БЕЛО
б) Голманското фрлање може да го изведе било кој играч на теренот од екипата во БЕЛО за да се задржи темпото на игра
в) Екипата во БЕЛО треба да направи замена на играч со голман во теренот за да може да се изведе голманското фрлање
г) Тајм-аут е задолжителен

253. Екипата во ЦРНО напаѓа со седум играчи во поле за игра. Играчот 5 од екипата ЦРНО шутира на гол, но ударот е одбранет од страна на голманот 1 од БЕЛАТА екипа. Голманот 1 од екипата во БЕЛО се обидува да постигне гол на празниот противнички гол. Во исто време, голманот 12 од екипата во ЦРНО прави погрешна замена, тој влегува во теренот пред играчот 7 од екипата во ЦРНО да го напушти теренот. Делегатот веднаш ја прекинува играта со свирка. Одма по свирката од делегатот, топката ја минува гол линијата надвор од голот на екипата во ЦРНО. Правилна одлука?
а) 2 минути исклучување за играчот 12 од екипата во ЦРНО
б) 2 минути исклучување за играчот 7 од екипата во ЦРНО
в) Слободно фрлање за екипата во БЕЛО
г) Седмерец за екипата во БЕЛО
д) Голманско фрлање за екипата во ЦРНО
ѓ) Делегатот требало да почека додека не заврши јасната шанса за постигнување гол пред да го прекине натпреварот.

254. Еипата во ЦРНО напаѓа со седум играчи во поле за игра. Играчот 6 од екипата во ЦРНО шутира на гол, но голманот 1 од екипата во БЕЛО го брани шутот. Голманот 1 од екипата во БЕЛО се обидува да постигне гол на празниот противнички гол. Во исто време, голманот 12 од екипата во ЦРНО прави погрешна замена, тој влегува во теренот пред играчот 7 од екипата во ЦРНО да го напушти теренот. Делегатот веднаш ја прекинува играта со свиреж. Одма по свирката од делегатот, топката ја проаѓа гол линијата од голот на екипата во ЦРНО. Правилна одлука.
а) 2 минути исклучување за играчот 12 од екипата во ЦРНО
б) 2 минути исклучување за играчот 7 од екипата во ЦРНО
в) Слободно фрлање за екипата во БЕЛО
г) Седмерец за екипата во БЕЛО
д) Гол за екипата во БЕЛО
ѓ) Делегатот требало да почека додека не заврши јасната шанса за постигнување гол пред да го прекине натпреварот.

255. Екипата во ЦРНО игра со седум играчи во поле. Играчот 9 од екипата во БЕЛО ја прима топката и успева да постигне гол во празниот гол. Топката останува да лежи во голманскиот простор. Правилна одлука?
а) Гол и изведување на почетно фрлање за екипата во ЦРНО
б) Тајм-аут
в) Голман мора да влезе во теренот за игра со правилна замена да ја земе топката од голманскиот простор
г) Топката може да биде подигната од било кој играч во полето за игра од екипата во ЦРНО

256. Резултатот е 27:27 шест секунди пред крајот на натпреварот. Екипата во бело е во напад.
Играчот 7 се обидува да ја додаде топката до пивотот 3 од екипата во БЕЛО. Играчот 7 од екипата во ЦРНО ја прима ја пресекува топката. Во тој момент тој е турнат доле од играчот 3 од екипата во БЕЛО. Една секунда потоа се слуша сигнал за крај на натпреварот. Правилна одлука?
а) Натпреварот е завршен
б) Слободно фрлање за за екипата во ЦРНО

в) Седмерец за екипата во ЦРНО
г) 2-минути исклучување за играчот 3 од екипата во БЕЛО
д) Дисквалификација за играчот 3 од екипата во БЕЛО (црвен картон покажуваат судиите)
ѓ) Дисквалификација за играчот 3 од екипата во БЕЛО со писмен извештај (црвен и плав картон покажуваат судиите)

257. Резултатот е 27:27 десет секунди пред крај на натпреварот. Екипата во БЕЛО е во напад. Играчот 5 од екипата во ЦРНО ја пресекува топката и започнува контранапад. Во момент подоцна тој е нападнат зад грб од играчот 11 од екипата во БЕЛО, кој го турка на опасен начин, така да играчот 5 од екипата во ЦРНО ја губи контролата на телото. Пред судиите да досудат прекршок, се слуша сирената од семафорот за крај на натпреварот. Правилна одлука?
а) Натпреварот е завршен
б) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
в) Седмерц за екипата во ЦРНО
г) 2-минути исклучување за играчот 11 од екипата во БЕЛО
д) Дисквалификација за играчот 11 од екипата во БЕЛО (судиите покажуваат црвен картон)
ѓ) Дисквалификација за играчот 11 со писмен извештај од екипата во БЕЛО (судиите покажуваат црвен и плав картон)

258. Играчот 10 од екипата во ЦРНО е во посед на топката. Времето е 59:27 кога истиот прави скок шут. Играчот 2 од екипата во БЕЛО го турка играчот 10 од екипата во ЦРНО силно во градите така да тој комплетно ја губи контролата на телото. Тој паѓа со топката на подот. Судиите свират, и времето е запрено на 59:31. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за екипата во ЦРНО
б) Седмерец за екипата во ЦРНО
в) 2-минути исклучување за играчот 2 од екипата во БЕЛО
г) Дисквалификација за играчот 2 од екипата во БЕЛО (судиите покажуваат црвен картон)
д) Тајм-аут

259 До крај на натпреварот останува уште 15 секунди, Црниот тим е во посед на топката. Судиите досудуваат слободно фрлање за Црниот тим на линијата од центарот. Играчот на Црниот тим бр.7 е спремен да изведе слободно фрлање, меѓутоа тој е спречен од играчот на Белиот тим бр.2. Правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Корекција и ново слободно фрлање за Црниот тим по даден знак со свирка в) Седмерец за Црниот тим
г) 2-минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.2
д) Дисквалификација за играчот на Белиот тим (судиите покажуваат црвен картон)
ѓ) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.2 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)
260 Црниот тим е во напад. Судиите досудуваат слободно фрлање за Црниот тим на линијата за слободни фрлања три секунди пред крајот на натпреварот. Игрчот на Црниот тим бр.10 е во коректна положба и е спремен да го изведе слободното фрлање директно на голот, но играчот на Белиот тим бр.5 кој стои на само едено метро од играчот на

Црниот тим бр.10, го блокира ударот на голот. Тогаш се слуша сирената за крај на натпреварот. Правилна одлука?
а) Седмерец за Црниот тим
б) 2-минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.5
в) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.5 (судиите покажуваат црвен картон)
г) Слободно фрлање за Црниот тим по даден знак со свиреж

261. Црниот тим е во напад. Судиите досудуваат слободно фрлање за Црниот тим на линијата за слободни фрлања три секунди пред крајот на натпреварот. Играчот на Црниот тим бр.10 е правилно поставен за изведување на слободното фрлање и сака директно да шутира на голот, но пред да го изведе шутот, тој е спречен од играчот на Белиот тим бр.5, кој движејќи се на растојание од едно метро од изведувачот движејќи ги рацете во скок пред играчот на Црниот тим. Тогаш се слуша сирената за крај на натпреварот. Правилна одлука?
а) 2-минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.5
б) Дисквалификација за играчот на Белиот тим (судиите покажуваат црвен картон) в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим

262. На 19 секунди пред крајот на натпреварот играчот на Белиот тим бр.2 се обидува да се пробие, но судиите досудуваат чекори против него. По свирката од судиите, играчот на Белиот тим бр.2 шутира на голот. Топката ја фаќа голманот на Црниот тим бр.12, и е спремен да започне контра напад. Правилна одлука?
а) Играта продолжува
б) Тајм-аут
в) 2-минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.2
г) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.2 (судиите покажуваат црвен картон)
д) Слободно фрлање за Црниот тим
ѓ) Седмерец за Црниот тим

263. Резултатот е 28:26 за Белиот тим. Уште 25 секунди до крај на натпреварот, Црниот тим постигнува гол. Голманот на Белиот тим бр.12 ја удира топката на страна со намера и таа завршува во гледалиштето. Очигледно е дека удирањето на топката е со цел да се задржи време и да не може на време и брзо да се изведе изведување од центар. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Изведување од центар за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим
д) 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.12
ѓ) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.12 (судиите покажуваат црвен картон)
е) Дисквалификација за играчот на Белиот тим бр.12 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)

264. Резултатот е 25:25 на 3 секунди до крај на натпреварот. Белиот тим е во напад. Црниот играч бр.5 прави прекршок врз белиот играч бр.2 на линијата за слободни фрлања. Кратко потоа се слуша сирената за крај на натпреварот. Судиите свират за изведување на слободното фрлање по финалниот свиреж. Пред топката да ја напушти

раката на изведувачот, Црниот играч бр.6 прави чекор напред и ја блокира топката премногу блиску. Која е правилна одлука?
а) Крај на натпреварот
б) Слободното фрлање мора да се повтори
в) Седмерец за Белиот тим
г) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.6
д) Дисквалификација за Црниот играч бр.6 (судиите покажуваат црвен картон)

265. Белиот тим игра без голман, со 7 играчи во поле. Црниот играч бр.5 пресекува додавање и трча со топката во дирекција на празниот голна Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 влегува во теренот правејќи правилна замена и трча во ист правец како и Црниот игач бр.5. Играчот бр.5 од Црниот тим само што шутирал на гол, голманот на Белиот тим бр.12 го бутка црниот играч бр.5 од страна, така да тој губи делимично контролата на телото и го промашува голот. Која е правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмрец за Црниот тим
в) Тајм-аут
г) 2-минути исклучување за Белиот голман бр.12
д) Дисквалификација за Белиот голман бр.12 (судиите покажуваат црвен картон)

266. Резултатот е 26:26 и има уште 4 секунди до крај на натпреварот. Белиот тим е во напад. Свирено е слободно фрлање за Белиот играч бр.4. Белиот играч бр.4 веднаш изведува слободно фрлање. Топката е активно блокирана од Црниот играч бр.5, кој стои преблиску. Во исто време, се слуша финалниот сигнал. Која е правилна одлука?
а) Слободното фрлање мора да се повтори
б) Седмерец за Белиот тим
в) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.5
г) Дисквалификација за Црниот играч бр.5 (судиите покажуваат црвен картон)

267. Резултатот е 26:26 и има уште 4 секунди до крај на натпреварот. Белиот тим е во напад. Црниот играч бр.5 прави слободно фрлање за белиот играч бр.6. Црниот играч веднаш се враќа на правилно растојание. Белиот играч бр.6 го изведува слободното фрлање, и топката го погаѓа Црниот играч бр.5, кој не прави никаква акција. Топката се враќа до Белиот играч бр.6. Во исто време, се слуша финалниот звук. Одлука?
а) Нема други акции. Натпреварот е завршен.
б) Слободното фрлање мора да се повтори
в) Седмерец за Белиот тим
г) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.5
д) Дисквалификација за Црниот играч бр.5

268. Резултатот е 29:29 и тоа 20 секунди пред крај на натпреварот. Голманот на Белиот тим бр.12 брани шут на гол, и топката ја преминува гол линијата. Судиите одлучуваат за голманско фрлање за Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 сака брзо да го изведе голманското фрлање. Црниот играч бр.2 трча во голманскиот простор и го одлага голманското фрлање. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Голманско фрлање за Белиот тим после знак со свирка
в) Слободно фрлање за Белиот тим после знак со свирка

г) Седмерец за Белиот тим
д) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.2
ѓ) Дисквалификација за Црниот играч бр.2 (судиите покажуваат црвен картон)
е) Дисквалификација за Црниот играч бр.2 со писмен извештај (судиите покажуваат црвен и плав картон)

269. Резултатот е 29:29 и има уште 20 секунди до крај. Голманот на Белиот тим бр.12 брани шут на гол, топката ја поминува голманската аут линија. Судиите одлучуваат голманско фрлање за Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 е спремен да го изведе голманското фрлање. Пред топката да ја напушти раката на голманот, се слуша свирка од мерачот на време кој ја прекинува играта поради погрешна замена од Црниот тим. Играчот на Црниот тим бр.3 влегол во теренот пред играчот на црниот тим бр.11 да го напушти теренот. Правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Голманско фрлање за Белиот тим по даден знак со свирка
в) Слободно фрлање за Белиот тим кај просторот за замена на Црниот тим
г) Седмерец за Белиот тим
д) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.3
ѓ) Дисквалификација за Црниот играч бр.3 (судиите покажуваат црвен картон)

270. Резултатот е 29:29 и има уште 20 секунди до крај. Голманот на Белиот тим бр.12 брани шут на гол, и топката ја поминува голманската аут линија. Судиите одлучуваат голманско фрлање за Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 го изведува фрлањето и ја додава топката до својот соиграч со бр.9, кој стои непосредно надвор од голманскиот простор. Пред топката да ја помине линијата од голманскиот простор, се слуша свирка од мерачот на време поради погрешна замена направена од Црниот тим. Играчот на Црниот тим бр.3 влегол во теренот пред Црниот играч бр.11 да го напушти теренот. Која е правилна одлука?
а) Тајм-аут
б) Слободно фрлање за Белиот тим кај просторот за замена на Црниот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.3
д) Дисквалификација за Црниот играч бр.3 (судиите покажуваат црвен картон)

271. Резултатот е 29:29 и има уште 10 секунди до крај. Белиот тим е во контранапад. Црниот играч бр.10 го напаѓа белиот играч бр.9 опасно по неговото здравје. Пред да падне Белиот играч бр.9 ја додава топката до Белиот играч бр.11. Белиот играч бр.11 шутира на гол, но ударот е одбранет од Црниот голман бр.12. Која е правилна одлука?
а) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.10
б) Дисквалификација за Црниот играч бр.10 (судиите покажуваат црвен картон) в) Голманско фрлање за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Седмерец за Белиот тим
ѓ) Тајм-аут

272. Резултатот е 29:29 и има уште 10 секунди до крај. Белиот тим е во контранапад. Црниот играч бр.10 го напаѓа Белиот играч бр.9 опасно по неговото здравје. Пред да падне, Белиот играч бр.9 ја додава топката до Белиот играч бр.11 кој постигнува гол. Која е правилна одлука?
а) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.10
б) Дисквалификација за Црниот играч бр.10 (судиите показуваат црвен картон) в) Гол за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Седмерец за Белиот тим
ѓ) Тајм-аут

273. Резултатот е 29:29 и има уште 10 секунди до крај. Белиот тим е во контранапад. Црниот играч бр.10 го напаѓа Белиот играч бр.9 опасно по неговото здравје. Пред да падне, Белиот играч бр.9 ја додава топката до Белиот играч бр.11, кој ја додава топката до Белиот играч бр.4. Која е правилна одлука?
а) 2-минути исклучување за Црниот играч бр.10
б) Дисквалификација за Црниот играч бр.10 (судиите покажуваат црвен картон)
в) Судиите свират после додавањето од Белиот играч бр.11 до Белиот играч бр.4
г) Слободно фрлање за Белиот тим
д) Седмерец за Белиот тим
ѓ) Тајм-аут

274. БЕЛИОТ 7 е во контранапад. Има јасна шанса за постигнување гол и шутира непречено кон голот. Топката го погодува голманот ЦРНИОТ 12 во главата, а тој паѓа на подот. Топката што се одбива ја враќа БЕЛИОТ 9, кој има јасна шанса за постигнување гол на линијата на голманскиот простор на ЦРНИОТ тим. Во тој момент, судиите свират за да побараат медицинска помош за голманот ЦРНИОТ 12. Која е правилната одлука?
а) 2 минути исклучување за БЕЛИОТ 7.
б) Голманско фрлање за ЦРНИОТ тим.
в) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
г) Седмерец за БЕЛИОТ тим.
д) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
ѓ) Нема исклучување за БЕЛИОТ 7.
е) Голманот ЦРНИОТ 12 мора да го напушти теренот и може да влезе повторно само откако неговиот тим ќе реализира 3 напади.
ж) Тајм-аут.

275. Белиот тим води со еден гол разлика на 7 секунди до крајот на натпреварот. Белиот тим е подготвен да изведе почетно фрлање од зоната за изнедување на почетното фрлање, а судиите даваат свиреж за изведување. Наместо да ја додаде топката на соиграч, БЕЛИОТ 7 ја спушта топката на подот во зоната за изведување на почетното фрлање и ја напушта. Ниеден соиграч не е заинтересиран да влезе во зоната за изведување на почетно фрлање за да ја земе топката. Која е правилната одлука?
а) Корекција на почетното фрлање.
б) Тајм-аут.
в) Судиите мора да почекаат 3 секунди по свирежот за изведување пред да можат да дадат слободно фрлање за Црниот тим.

г) Директно исклучување од 2 минути за БЕЛИОТ 7.
д) Слободно фрлање за Црниот тим.

276. ЦРНИОТ 8 ја пробива одбраната на БЕЛИОТ тим и нема играчи меѓу себе и голманот БЕЛИОТ 1. Кога се спрема да шутира кон голот БЕЛ 7 го турка од страна. Дури и ако делумно ја изгуби контролата врз телото, може силно да шутира кон голот. Топката ја погодува главата на голманот БЕЛИОТ 1 ја менува насоката и оди во голот. Која е правилната одлука?
а) Гол за ЦРНИОТ тим
б) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
в) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 8 г) Директно исклучување од 2 минути за БЕЛИОТ 7 д) Седмерец за ЦРНИОТ тим
ѓ) Тајм-аут

277. Пивотот ЦРН 8 ја прима топката. Кога се обидува да се сврти кон голот, силно е држен и повлечен од БЕЛИОТ 7. Сепак, тој ја враќа целосната контрола врз телото. Без играчи меѓу себе и голманот, тој скока над голманскиот простор. Шутира силно со целосна контрола врз телото. Топката го погодува голманот БЕЛИОТ 1 во главата. Главата е првата точка на контакт со топката. Топката ја менува насоката и оди во голот. Која е правилната одлука?
а) Гол за ЦРНИОТ тим
б) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
в) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим
г) Седмерец за ЦРНИОТ тим
д) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 8
ѓ) Директно исклучување од 2 минути за БЕЛИОТ 7
е) Тајм-аут

278. Крилниот играч ЦРН 3 има јасна шанса за постигнување гол и шутира кон голот. Топката го допира странично во главата на голманот БЕЛА 1 без да ја промени насоката. Топката оди во голот. Која е правилната одлука?
а) Директно исклучување од 2 минути за ЦРН 3.
б) Прогресивна исклучување за БЕЛА 1.
в) Гол.
г) Слободно фрлање за БЕЛАТА екипа.

279. Крилниот играч ЦРН 3 има јасна шанса за постигнување гол и шутира кон голот. Топката го удира странично во главата голманот БЕЛ 1 и ја менува насоката. Главата е првата точка на контакт со топката. Топката оди во голот. БЕЛ 1 паѓа на подот, ја става раката на главата и очигледно му е потребна медицинска помош. Одлука?
а) Тајм-аут.
б) Судиите бараат медицинска помош за Б- 1 со покажување сигнали со рацете 15 и 16.
в) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 3.
г) Прогресивна исклучување за БЕЛИОТ 1.
д) Гол.
ѓ) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
е) По добивањето медицинска помош, БЕЛИОТ 1 мора да го напушти теренот и може повторно да влезе само откако неговиот тим ќе реализира 3 напади.

280. 10 секунди до крајот на натпреварот ЦРНИОТ тим е во напад. Додека топката е во игра, ЦРНИОТ 10 намерно го удира БЕЛИОТ 7 во лицето со лакт. БЕЛИОТ 7 паѓа на подот и лежи таму повреден. Која е правилната одлука?
а) Дисквалификација без писмен извештај за ЦРНИОТ 10 (црвен картон покажан од судиите).
б) Дисквалификација со писмен извештај за ЦРНИОТ 10 (црвени и сини картони покажани од судиите).
в) Тајм-аут
г) Натпреварот се продолжува со слободно фрлање за БЕЛИОТ тим.
д) Натпреварот се продолжува со 7 метри за БЕЛИОТ тим.
ѓ) Судиите можат да дадат дозвола на две лица од БЕЛИОТ тим да влезат во теренот за да му помогнат на БЕЛИОТ 7.
е) По добивањето медицинска помош на теренот, БЕЛИОТ 7 мора да го напушти теренот и може повторно да влезе само по третиот напад на својот тим.

281. БЕЛИОТ тим игра со празен гол. ЦРНИОТ 7 пресекува додавање и шутира кон празниот гол. БЕЛИОТ 4 ја фаќа топката додека трча веднаш надвор од голманскиот простор. Тој не може да застане и влегува во голманскиот простор со двете нозе и топката во рацете. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Црниот тим
в) Прогресивна казна за БЕЛИОТ 4
г) 2 минути исклучување за БЕЛИОТ 4
д) Нема исклучување
ѓ) Тајм-аут

282. Играчот на Белиот тим бр.7 стои во средината на одбраната на својот тим. Играчот на Црниот тим бр. 3 пробува да ја додаде топката со одбивање од земја. Играчот на Белиот тим бр.7 намерно пробува да ја застане топката со својата нога. Ова не му е прв пат тоа да го прави. Топката го погодува во ногата и влегува во голот на Белиот тим. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Гол за Црниот тим
в) Седмерец за Црниот тим
г) Прогресивно казнување на играчот на Белиот тим бр.7

283. По ударот на гол на играчот на Белиот тим бр.5, топката се одбива од стативата и го погодува во нога играчот на Црниот тим бр.3 кој стои во полето за игра и влегува во голот на Црниот тим. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим б) Гол за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим

284. Голманот на Белиот тим бр.1 го одбранил ударот, а топката се одбива од одбранбениот играч на Белиот тим бр.3, кој стои 2 метри внатре во голманскиот простор, и влегува во голот на Белиот тим. Правилна одлука?

а) слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Црниот тим
в) Прогресивно казнување за играчот на Белиот тим бр.3
г) Гол за Црниот тим

285. Голманот на Белиот тим бр.1 ја држи топката четири секунди во положба во која таа со тричетвртини од својот обем ја преминала линијата на голот. Правилна одлука?
а) Гол за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим в) Голманско фрлање за Белиот тим

286. Играчот на Белиот тим бр.3 влегува во голманскиот простор на својот тим и се обидува да ја запре топката со нога, но топката се одбила од неговите нозе во голот. Правилна одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Црниот тим
в) Гол за Црниот тим
г) Голманско фрлање за Белиот тим

287. Играчот на Белиот тим бр.11 го лобува голманот на Црниот тим бр.1 кој стои далеку пред голот. Пред топката да ја помине гол линијата, директорот на Црниот тим , кој седи во првиот ред на гледалиштето зад голот , ја исфрла топката. Одлука?
а) Седмерец за Белиот тим
б) Гол за Белиот тим
в) Дисквалификација на директорот на Црниот тим со писмен извештај (црвен и плав картон)
г) Писмен извештај

288. При резултат 25:25 и две секунди пред крај на натпреварот, службеното лице на Белиот тим (домашен тим), кој не е запишано во записникот на натпреварот, ја фаќа топката која лета директно во празниот гол. Така спречува гол за Црниот тим. Веднаш потоа се огласува сигналот за крај на натпреварот. Што е правилно?
а) Конечен резултат 25:25
б) Седмерец за Црниот тим
в) Конечен резултат 25:26
г) Дисквалификација на службеното лице на Белиот тим со писмен извештај (црвен и плав картон)
д) Писмен извештај

289. Гол за Црниот тим од седмерец кој го извел играчот на Црниот тим бр.9 . Белиот тим веднаш набрзина тргнува од центарот по судиски свиреж. По две додавања играчот на Белиот тим бр.4 постигнува гол. Во тој момент мерачот на време дава сигнал и се информира дека играчот на Црниот тим бр.9 кој во меѓувреме се вратил на клупата, имал уште 20 секунди од своето исклучување во моментот кога го извел седмерецот. Правилна одлука?
а) Седмерецот за Црниот тим мора да се повтори
б) Играчот на Црниот тим бр.9 добива дополнителна исклучување
в) Двата гола се признаваат
г) Двата гола не се признаваат

290. Малку пред крајот на натправарот кога резултатот е 22:21 за неговиот тим, играчот на Белиот тим бр.5 извел правилно почетно фрлање. Топката е упатена назад во правец на голот на Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.1 не ја допира топката, иако тој е во сопствениот голмански простор. Топката влегува во голот. Соиграчите на играчот на Белиот тим бр.5 ја преминале средишната линија по судискиот свиреж но пред топката да ја напушти раката на изведувачот, трчајќи во правец на голот на Црниот тим.
а) Гол за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Повторување на почетното фрлање по свирежот
г) Прогресива исклучување за играчот на Белиот тим бр.5
д) Тајм–аут

291. Играчот на Белиот Тим бр.9 пробува да спречи низок шут со потколеницата, но тој тоа го први така да ја насочува топката во сопствениот гол. Ова е втор пат тој да проба да го спречи шутот со нога. Одлука?
а) Гол за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Прогресивно казнување на играчот на Белиот тим бр.9

292. Белиот тим ја добива жрепката и одлучува прв да тргне од центарот, а службениот претставник на Црниот тим сака да се променат страните. Правилна одлука
а) Промена на страните
б) Промена на страните ако Белиот тим е согласен в) Повторно жребување
г) Страните не се менуваат

293. Белиот тим ја добива жрепката и сака промена на страните. Црниот тим сака Белиот тим да го изведе почетното фрлање. Правилна одлука?
а) Почетно фрлање за Белиот тим
б) Замена на страните и почетно фрлање за Црниот тим в) Повторно ждребување
г) Мораат да се договорат претставниците на тимовите.

294. Од каде може да се изведе почетно фрлање?
а) До 3 метри зад средишната линија, на половината на тимот кој ја има топката
б) До 3 метри преку над средишната линија на половината на противникот
в) На средината на игралиштето со едната нога на средишната линија, а со другата на линијата или зад неа, со толеранција од секоја страна од 1, 5 метар.

295. При резултат 15:15, малку пред крајот на натпреварот, Црниот тим постигнува гол за 15:16. Белиот тим сака брзо да го изведе почетното фрлање. Играчот со топката стои на средината на игралиштето со едната нога пред средишната линија, а со другата зад неа. Правилна одлука?
а) Исправка на положбата, а потоа сигнал со свиреж за изведување на почетно фрлање.
б) Положбата е правилна; сигнал со свиреж за изведување на почетно фрлање
в) Тајм-аут; исправка на положбата; сигнал со свиреж за изведување на почетно фрлање.

296. Белиот тим треба да изведе почетно фрлање. Голманот на Црниот тим сеуште не дошол во својот голмански простор. Наспроти тоа, судијата во поле свири за почеток на играта и играчот на Белиот тим бр.9 веднаш постигнува гол. Одлука?

а) Слободно фрлање за Белиот тим од средишната линија б) Повторување на почетното фрлање
в) Гол за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

297. Кои тврдења за тргнување од центарот се точни?
а) Тргнувањето од центарот мора да се изведе во рок од 3 секунди по свирежот, од средината на игралиштето, така да топката се додаде во противничката половина
б) Гол на противникот може да се даде директно при тргнувањето од центарот
в) Неправилните положби на одбрамбениот тим мора да се исправат.
г) Ако играчот кој тргнува од центарот ја води топката по свирежот, треба да се досуди слободно фрлање за противникот
д) Соиграчите на изведувачот на фрлањето, можат да ја преминат линијата на центарот пред фрлањето да биде изведено.

298. Играчот на Црниот тим бр.6 стои на центарот на теренот со едната нога на линијата, а со другата во сопствената половина на игралиштето. Судијата свири. Пред топката да ја напушти неговата рака изведувачот преминува преку средишната линија. Во моментот на свирежот уште некои играчи на Белиот тим се на половината на Црниот тим. Коректна одлука?
а) Играта продолжува
б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Исправка на положбата на Белиот тим и повторување од центарот по свирежот.
г) Исправка на положбата на играчот бр. 6 и повторување од центарот по свирежот

299. БЕЛИОТ тим постигна гол. ЦРНИОТ тим сака да изведе брзо почетно фрлање. ЦРНИОТ 9 е во правилна позиција во зоната за изведување. Откако судиите дале знак за изведување ЦРНИОТ 9 прави 6 чекори со топката во зоната за изведување на фрлањето. Во рок од 3 секунди по свирежот за изведување на почетното фрлање ЦРНИОТ 9 ја фрла топката во празниот гол на БЕЛИОТ тим. Која е правилната одлука?
а) Гол за ЦРНИОТ тим
б) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
в) Корекција и ново фрлање по свиреж од судиите.

300. БЕЛИОТ тим постигна гол. ЦРНИОТ тим сака да изведе брзо почетно фрлање. ЦРНИОТ 9 ја прима топката. Тој ја има топката и едната нога целосно во зоната за фрлање. Другата нога е надвор од зоната за фрлање. Судиите свират за изведување на фрлањето. Пред ЦРНИОТ 9 да ја помести другата нога во зоната за фрлање, тој ја фрла топката во празниот гол на БЕЛИОТ тим. Која е правилната одлука?
а) Гол за ЦРНИОТ тим
б) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим
в) Корекција, ново фрлање за ЦРНИОТ тим по свиреж од судиите
г) Фрлањето е правилно изведено бидејќи судиите ја одобрија позицијата на изведувачот со давање на знак со свирка за изведување.
д) Судиите требало да почекаат додека изведувачот не се најде во зоната за почетно фрлање со топката и целото тело пред да дадат знак со свиреж за изведување на фрлањето.

301. ЦРНИОТ тим сака да изведе брзо почетно фрлање од зоната. Во исто време додека ЦРНИОТ 8 трча со своето тело и топката целосно во зоната за почетно фрлање, БЕЛИОТ 7 е исто така во зоната за фрлање, трчајќи во правец на својот гол.
Без соиграчи во правец на БЕЛИОТ 7, ЦРНИОТ 8 ја фрла топката во грбот на БЕЛИОТ 7. БЕЛИОТ 7 е во зоната за фрлање кога топката го погодува. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим б) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим
в) Седмерец за ЦРНИОТ тим
г) Прогресивна казна за БЕЛИОТ 7
д) Прогресивна казна за ЦРНИОТ 8
ѓ) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 8

302. Кои од следниве тврдења во врска со зоната за изведување на почетно фрлање се неточни?
а) Сигналот со свирка за изведување на фрлањето може да се даде кога изведувачот има дел од телото во зоната за изведување.
b) Нема ограничување во врска со позициите на соиграчите на изведувачот за време на изведувањето на фрлањето.
c) На изведувачот му е дозволено да излезе надвор од зоната за фрлање за време на изведувањето на фрлањето.
г) На играч од одбранбениот тим му е дозволено да ја пресече топката по изведувањето, дури и ако топката е сè уште во зоната за фрлање.
д) На изведувачот не му е дозволено да ја одбие топката по свирежот за изведување.

303. БЕЛИОТ тим игра со 7 играчи во полето и постигнува гол. ЦРНИОТ тим сака да изведе брзо почетно фрлање. ЦРНИОТ 6 е во зоната за почетно фрлање со целото тело и топката. Судиите свират за изведување. БЕЛИОТ 8 јасно влегува во зоната за фрлање со активни раце обидувајќи се да ја блокира топката и го оневозможува во изведувањето. Сепак, ЦРНИОТ 6, кој е со целото тело и топката во зоната за фрлање, го изведува фрлањето како шут кон празниот гол. Топката ја преминува надворешната гол линија. Која е правилната одлука?
а) Голманско фрлање за БЕЛИОТ тим.
б) Ново почетно фрлање по свиреж.
в) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим.
г) Седмерец за ЦРНИОТ тим.
д) Тајм-аут.
ѓ) Прогресивна казна за БЕЛИОТ 8.
е) Директно исклучување од 2 минути за БЕЛИОТ 8.
ж) Дисквалификација за БЕЛИОТ 8 (црвен картон покажан од судиите).

304. Кои од следниве тврдења за зоната за изведување на почетно фрлање се точни?
а) Изведувањето треба да се изврши во рок од 3 секунди од свирежот за изведување.
б) Изведувањето може да доведе до гол за тимот што го изведува фрлањето.
в) Во врска со фрлањето, погрешните позиции на одбранбените играчи мора да се корегираат.
г) Ако изведвуачот скокне по свирежот за изведување на фрлањето, правилната одлука е слободно фрлање за противникот.
д) На соиграчите на изведувачот не им е дозволено да ја преминат централната линија во кое било време пред свирежот за изведување на фрлањето.

305. Кога може судијата да сигнал за изведување на фрлање?
а) Кога изведувачот има барем една нога и топката во зоната за изведување, а другата нога не е надвор од зоната за изведвуњае на противничката половина од теренот.
б) Кога изведвуачот има барем една нога во зоната за изведвуање, а другата нога не е надвор од зоната за изведвуање на противничката половина од теренот, но топката е сè уште надвор од зоната за изведување.
в) Кога изведувачот има барем една нога и топката во зоната за изведување, а другата нога е надвор од зоната за изведување на противничката половина од теренот.
г) Кога изведувачот има барем една нога и топката во зоната за изведвуање, другата нога не е надвор од зоната за изведување на противничката половина од теренот, но соиграчите на изведувачпт се во зоната за изведвуање на противничката половина од теренот.
д) Кога изведувачот е во зоната за изведување со целото тело и топката.

306. Играчот на Белиот тим бр.3 изведува аут, од местото 2 метри оддалечено од аут линијата. Одлука?
а) Ништо, бидејќи тоа е дозволено
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Повторување на Изведувањето на аутот без знак со свиреж
г) Повторување на изведувањето на аутот по знак со свиреж

307. Играчот на Црниот тим бр.4 стои со едната нога на аут линијата, а со другата во полето за игра. Изведувајќи го аутот директно постигнува гол. Правилна одлука?
а) Гол
б) Повторување на изведувањето на аутот за Црниот тим по свирежот
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Белиот тим

308. Играчот на Белиот тим бр.6 изведува аут стоејќи со едната нога внатре во полето за игра, а со другата 1 метар надвор аут линијата. Топката ја уфрла во голот на Црниот тим. Правилна одлука?
а) Повторување на изведувањето на аутот за Белиот тим по свирежот
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Гол за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим

309. Играчот на Белиот тим бр.11 шутира на гол. Топката се одбива од пречката и погодува дел од опремата која виси од таванот над голманскиот простор на Црниот тим. Топката паѓа назад точно во рацете на голманот на Црниот тим. Одлука?
а) Голманско фрлање за Црниот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим по свирежот г) Аут за Црниот тим по свирежот
д) Задолжителен тајм-аут

310. Кога на одбрамбената екипа и е дозволено да се приближи поблиску од три метра од топката при изведување на фрлањето по прекинот на играта?
а) Штом судијата даде знак за изведување на фрлањето
б) Кога топката ја напуштила раката на играчот кој го изведува фрлањето

в) Во случај на слободно фрлање или аут, кога играчите се распоредени низ линијата на сопствениот голмански простор.
г) За време на изведување на голманско фрлање или почетно фрлање, кога одбранбениот играч стои надвор од голманскиот простор или просторот за почетно фрлање.

311. Играчот на Белиот тим бр.5 не успева да ја фати топката. Тој потрчал по неа и ја запрел пред таа да ја помине аут линијата, но не успеал да се сопре и ја преминал аут линијата. Коректна одлука?
а) Играта продолжува
б) Слободно фрлање за Црниот тим в) Аут за Црниот тим

312. Додека изведува голманско фрлање, голманот бр.1 на Белиот тим ја допира линијата на голманскиот простор со едната нога. Коректна одлука?
а) Повторување на голманското фрлање по свирежот
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Играта продолжува

313. По свирежот за изведување на седмерец голманот на Белиот тим бр. 12 со едната нога застанува на линијата 4 метри. Изведувачот на пеналот промашува и топката оди над голот. Која е правилната одлука?
а) Повторување на седмерецот по свирежот
б) Нема гол, играта продолжува со голманско фрлање
в) Положбата на голманот е правилна

314. Голманот на Белиот тим бр.1 го запира ударот и се фрла по топката која се тркала кон полето за игра. Играчот на Црниот тим бр.7 стои сам, спремен да ја земе топката. Во последен момент голманот на Белиот тим бр.1 со рака ја исфрла топката преку гол–аут линијата. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Аут за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Белиот тим
г) Слободно фрлање за Белиот тим

315. Кога голманот на Белиот тим бр.12 изведува голманско фрлање, тој ја испушта топката од рака и таа го удира во ногата. Потоа топката се тркала преку линијата на голманскиот простор во полето за игра. Голманот бр.12 трча кон топката, ја подигнува, и се враќа со неа во голманскиот простор, за да го повтори голманското фрлање. Одлука?
а) Седмерец за Црниот тим
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Тајм–аут
г) Корекција, голманско фрлање со свиреж

316. Кога се смета дека голманското фрлање е изведено така да со топката може да игра играчот во полето за игра?
а) Кога топката е сеуште во воздух над голманскиот простор
б) Кога топката ја напуштила раката на голманот, ја поминала линијата на голманскиот простор и е над полето за игра.

в) Кога топката ја напуштила раката на голманот
г) Кога соиграчот на голманот ја допрел топката

317. Голманот на Белиот тим бр.12 изведува голманско фрлање. Играчот на Црниот тим бр.10 стои пред линијата на голманскиот простор и пробува на правилен начин да дојде до топката. Успева во тоа и постигнува гол. Одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Гол за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Белиот тим
г) Прогресивно казнување за играчот на Црниот тим бр.10

318. Голманот на Белиот тим бр.12 го брани ударот одбивајќи преку гол–аут линијата покрај голот. Кои сигнали треба да ги покаже судијата покрај голот?
а) Сигналот бр.8; голманско фрлање
б) Сигнал бр.9; насока на слободното фрлање
в) Прво сигнал бр.9 насока на слободно фрлање, па потоа сигнал бр.8 голманско фрлање.
г) Прво сигнал бр.8 голманско фрлање, потоа сигнал бр.9 насока на слободно фрлање.

319. На голманот на Белиот тим бр.1 му испаѓа топката додека изведувалл голманско фрлање. Топката отскокнува во правец на полето за игра каде ја чека играчот на Црниот тим бр. 6. Играчот на Белиот тим бр.2 се фрла низ голманскиот простор и ја исфрла топката која е во воздух преку аут линијата. Која е правилната одлука?
а) Голманско фрлање за Белиот тим по свирежот б) Аут за Црниот тим
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Седмерец за Црниот тим

320. Кои тврдења во врска со голманското фрлање се точни?
а) Голманското фрлање се смета за изведено кога топката ќе ја напушти раката на голманот
б) Противниците мораат да ја почитуваат оддалеченоста од 3 метри
в) Голманското фрлање се смета за изведено кога топката ќе ја напушти раката на голманот и ја поминува линијата на голманскиот простор.
г) На противниците им е дозволено да стојат непосредно пред линијата на голманскиот простор.

321. Голманското фрлање е за Црниот тим. Голманот на Црниот тим бр.1 изведува фрлање со брзање бидејќи неговиот тим губи. Додека го изведува фрлањето топката му се лизга од раката и доаѓа до неговиот соиграч бр.6 кој сеуште се наоѓа во голманскиот простор. Играчот бр.6 ја враќа топката со нога на својот голман. Одлука?
а) Повторено голманско фрлање за Црниот тим по свирежот б) Слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Белиот тим

322. Кои од овие тврдења, кои се однесуваат на голманското фрлање се точни?
а) Играчите на противничкиот тим мораат да останат надвор од линијата на слободно фрлање, додека топката не биде во игра.

б) Играчите на противничкиот тим мораат да бидат надвор од линијатта на голманскиот простор, три метри оддалечени од местото од кое се изведува голманското фрлање.
в) На играчите на противничкиот тим им е дозволено да ја допрат топката пред таа ја премине линијата на голманскиот простор.
г) Голманот не може да постине автогол кога изведува голманско фрлање
д) Голманот не може да даде директно гол на противникот од голманско фрлање.
ѓ) На голманот не му е дозволено да ја допре линијата на голманскиот простор за време на изведување на голманското фрлање.

323. Слободно фрлање за Белиот тим. Пред играчот на Белиот тим бр. 5 да успее да ја земе топката, ја зема играчот на Црниот тим бр.6 и трча кон својот гол. По неколку чекори ја тркала топката назад кон играчот на Белиот тим бр.5. Правилна одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр.6
б) Слободно фрлање за Белиот тим по свирежот
в) Опомена за играчот на Црниот тим бр.6
г) Играта продолжува
д) Тајм-аут

324. Играчот на Црниот тим бр.7 ја има топката во посед и пробува да тргне во контра напад, но го држи играчот на Белиот тим бр.17. Судијата малку време пред да даде знак со свирчето, гледа добра прилика за постигнување на гол и дава предност. Играчот на Црниот тим бр.8 ја прима топката и шутира на голот на Белиот тим. Голманот на Белиот тим бр.12 го одбранува шутот и сака да започне контра напад. Двата тима веќе имаат по 3 опомени, добиени порано во текот на играта. Одлука?
а) Играта продолжува
б) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.17 на 2 минути в) Голманско фрлање за Белиот тим
г) Тајм–аут
д) Слободно фрлање за Црниот тим

325. Досудено е слободно фрлање за Белиот тим. Играчот на Црниот тим бр.6 ја има топката. Тој ја носи топката 4 метри од местото од кое треба да се изведе слободно фрлање. Правилна одлука?
а) Опомена за играчот на Црниот тим бр.6
б) Исклучување на 2 минути на играчот на Црниот тим бр. 6
в) Дисквалификација на играчот на Црниот тим бр.6 (црвен картон)
г) Слободно фрлање за Белиот тим од местото каде се случил прекршокот поради кој е досудено слободното фрлање.
ѓ) Слободно фрлање за Белиот тим од местото каде топката се наоѓа.

326. Слободно фрлање е досудено против играчот на Белиот тим бр.4, кој ја зема топката, влегува во голманскиот простор и ја спушта топката на терен. Која е правилната одлука?
а) Исклучување на 2 минути на играчот на Белиот тим бр.4
б) Опомена за играчот на Белиот тим бр.4
в) Седмерец за Црниот тим
г) Слободно фрлање за Црниот тим

327. Играчот на Белиот тим бр.5 игра со топката во моментот кога службеното лице Б на Белиот тим протестира кај судиите. Судиите даваат тајм–аут, и го опоменуваат службеното лице. Како треба да се продолжи натпреварот?
а) Слободно фрлање за Црниот тим, со свиреж кај просторот за замена на играчит на Белиот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим, со свиреж кај просторот за замена на играчот на Белиот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим, со свиреж таму каде што топката се наоѓала кога натпреварот е прекинат.
г) Аут за Црниот тим Б кај просторот за замена на играчите на Белиот тим

328. Натпреварот е прекинат од страна на судијатта во поле, но немало прекршување на правилата на игра од било кој тим. Тајм–аут не е даден. Играчот на Црниот тим бр.13 непосредно пред свирежот шутира директно на голот на голманот на Белиот тим. По свирежот топката влегува во голот без прилика голманот на Белиот тим бр.1 да интервенира. Како треба да се продолжи натпреварот.
а) Со слободно фрлање за Црниот тим
б) Со слободно фрлање за Белиот тим
в) Седмерец за Црниот тим
г) Гол за Црниот тим

329. Играчот на Белиот тим бр.7 е во контранапад. При шутот на гол, тој го погодува со топката во глава голманот на Црниот тим бр.12 кој е во скок, така да голманот се онесвестува. Топката се одбива од главата на голманот и доаѓа до играчот на Белиот тим бр.9, кој стои на линијата на голманскиот простор и ја уфрла топката во празниот гол. Пред топката да влезе во гол судијата дава знак со свирка и ја прекинува играта. Правилна одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим, по знак со свиреж
г) Тајм–аут
д) Голманот на Црниот тим бр.12 мора да го напушти теренот, и може да влезе откако ќе се заврши третиот напад на неговиот тим.

330. Играчот на Црниот тим бр.9 добива слободно фрлање, но играчот на Белиот тим бр.5 сеуште ја има топката во посед. Играчот бр.5 потоа оди кон судијата и љубезно му ја подава топката. Правилна одлука?
а) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.5 на 2 минути, и слободно фрлање за Црниот тим од местото каде што се наоѓа топката во тој момент.
б) Опомена за играчот на Белиот тим бр.5, и слободно фрлање за Црниот тим од местото каде што се наоѓа топката во тој момент.
в) Исклучување на играчот на Белиот тим бр.5 на 2 минути и слободно фрлање за Црниот тим од местото каде што е направен прекршокот.
г) Опомена за играчот на Белиот тим бр.5, слободно фрлање за Црниот тим од местото каде што е направен прекршокот.

331. Неправилна измена за играчот на Белиот тим бр.5, откако судиите досудиле седмерец за неговиот тим. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Исклучување на играчот на Белиот тим бр. 5 на 2 минути.
г) Опомена за службениот претставник на Белиот тим

332. Која од следните констатации, кои се однесуваат на местото на изведување на слободното фрлање е правилна?
а) Ако топката не е спуштена веднаш, по одлуката за слободно фрлање, на противникот му е дозволено да го изведе слободното фрлање од местото каде што се наоѓа.
б) По грешната измена слободното фрлање може да биде изведено од местото каде што топката се наоѓа, наместо од просторот за замена на играчи, ако е тоа поповолно за тимот кој го изведува фрлањето.
в) По пасивна игра, слободното фрлање секогаш се изведува од местото каде што топката се наоѓала, кога слободното фрлање е досудено.
г) за слободното фрлање кај средиштата линија, страничната толеранција е приближно иста како и во случајот на почетното фрлање.

333. Играчот на Црниот тим бр.11 ја има топката во напад и пробувада го заобиколи одбранбениот играч на Белиот тим бр.2. Поради свирежите од трибините, одбранбениот играч бр.2 застанува и не превзема никаква акција. Играчот на Црниот тим бр.11 потоа е сам и е спремен да шутира на голот. Одлука?
а) Седмерец за Црниот тим
б) Тајм–Аут; Консултација со мерачот на време.
в) Слободно фрлање за Белиот тим.
г) Слободно фрлање за Црниот тим

334. Белиот тим е во посед на топката на линијата на слободно фрлање на Црниот тим. Службеното лице А на Црниот тим протестира бучно против одлуките на судиите, така да судиите одлучуваат да ја прекинат играта. Одлука?
а) Прогресивно казнувањее на службеното лице А на Црниот тим
б) Слободно фрлање за Белиот тим пред просторот за замена на играчи на Црниот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим од линијата на слободно фрлање на Црниот тим.

335. Дадена му е опомена на играчот на Црниот тим бр.6. Кога дал знак за изведување на слободно фрлање за Белиот тим, судијата во поле не видел дека играчот на Белиот тим бр.11 се наоѓа помеѓу линијата на голманскиот простор и линијата за слободно фрлање. Играчот бр.11 ја фатил топката и е во јасна ситуација за постигнување на гол. Судијата кај голот го забележал проблемот. Правилна одлука?
а) Играта продолжува
б) Се повторува изведувањето на фрлањето по корекцијата со свиреж
в) Судијата кај голот досудува слободно фрлање за Црниот тим
г) Судијата кај голот го опоменува играчот на Белиот тим бр.11
д) Тајм–аут

336. Белиот тим е во посед на топката. Црниот тим е поставен во одбрана. Играчот на белиот тим со бр.8 трча во близина на аут линијата. Играчот на Белиот тим бр.4 ја додава топката во правец на играчот на Белиот тим бр.8. Играчот на Белиот тм бр.8 се судира со фотографот, кој се движи помеѓу гледалишето и теренот за игра и ја допира аут линијата. Играчот од Белиот тим бр.8 не успева да ја прими топката и губи контрола на телото. Пред судиите да ја прекинат играта, топката ја преоѓа аут линијата. Која е правилна одлука.
а) Натпреварот продолжува со аут за Црниот тим
б) Натпреварот продолжува со слободно фрлање за Белиот тим
в) Тајм-аут
г) Извештај во записник

337. Црниот тим е во напад. Судиите досудуваат слободно фрлање на ЦРНИОТ 2. Пред ЦРНИОТ 2 да може да го изведе слободното фрлање, ЦРНИОТ 11 го повлекува БЕЛИОТ 8 надолу. Која е правилната одлука?
а) Слободно фрлање за ЦРНИОТ тим по свиреж
б) Слободно фрлање за БЕЛИОТ тим по свиреж
в) Тајм-аут
г) Прогресивна казна за ЦРНИОТ 11
д) Директно исклучување од 2 минути за ЦРНИОТ 11
ѓ) Дисквалификација за ЦРНИОТ 11 (црвен картон покажан од судиите)

338. Резултатот е 20:20. Играчот на Црниот тим бр.7 го пресекува додавањето на топката на Белиот тим и започнува контранапад. Никој од играчите на Белиот тим А не може да го следи. Втрчува гледач и го соборува играчот бр.7. Ова доведува до драматични сцени со уште неколку гледачи на игралиштето. Службеното лице А на Црниот тим го удира гледачот кој го запрел играчот бр.7. Која е правилната одлука?
а) Траен прекин на натпреварот
б) Тајм–аут, седмерец за Црниот тим, дисквалификација на службеното лице А на Црниот тим; редукција на Црниот тим во полето за игра на 2минути; писмен извештај (црвен и плав картон)
в) Тајм–аут; седмерец за Црниот тим; дисквалификација на службеното лице А на Црниот тим, редукција на Црниот тим во полето за игра на 2 минути (црвен картон)
г) Тајм–аут; седмерец за екипата Б; исклучување на 2 минути на службеното лице А на Црниот тим, редукција на Црниот тим во полето за игра на 2 минути.

339. Аут за Црниот тим. Играчот бр.7 го изведува аутот правилно и гледа дека голманот на Белиот тим бр.12 стои надвор од голманскиот простор. Играчот бр.7 ја фрла топката веднаш, директно во празниот гол. Играчот од полето за игра на Белиот тим бр.3, влегува во голманскиот простор и ја застанува топката. Одлука?
а) Гол
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Седмерец за Црниот тим
г) Прогресивно казнување за играчот на Белиот тим бр.3
д) Директни 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.3

340. При изведување на седмерецот играчот на Белиот тим бр.4 ја погодува стативата. Топката се одбива повторно до него а претходно не допрела ниеден соиграч или противнички играч. Играчот на Белиот тим бр.4 ја уфрла топката во гол. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Голманско фрлање за Црниот тим
в) Гол за Белиот тим

341. Играчот на Белиот тим бр.3 се движи околу играчот на Црниот тим бр.4 по линијата за изведување на слободно фрлање. По третиот чекор сака да ја упати топката на гол, но го турка играчот на Црниот тим бр.4. Веднаш по четвртиот чекор постигнува гол. Ни еден од играчите на Црниот тим не е во можност да интервенира. Која е правилната одлука?
а) Предност – па според тоа и гол за Белиот тим
б) Прогресивно казнување за играчот на Црниот тим бр.4
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Седмерец за Белиот тим

342. Играчот на Белиот тим бр.9 изведува седмерец и топката влегува во гол. Пред топката да ја напушти раката на изведувачот еден од неговите соиграчи бр.4 ја пречекорува линијата на слободното фрлање. Која е правилната одлука?
а) Гол за Белиот тим
б) Повторување на седмерецот
в) Слободно фрлање за Црниот тим
г) Да се повтори седмерецот и да се опомени играчот на Белиот тим бр.4

343. Играчот на Црниот тим бр. 2 спремен е да изведува седмерец по судиско свирење. Во тој момент играчот на Белиот тим бр.5 пречекорува преку линијата на слободното фрлање. Наспроти постапката на играчот бр.5, изведувачот постигнува гол.
а) Гол и дисквалификација играчот на Белиот тим бр.5 (црвен картон)
б) Гол и 2 минути исклучување за играчот на Белиот тим бр.5
в) Гол за Црниот тим
г) Повторување на пеналот и дисквалификација на играчот на Белиот тим бр.5

344. Играчот на Белиот тим бр.6 спремен е со топката да го изведе седмерецот, кога службеното лице А на Црниот тим го повикува голманот бр.12 да излезе поради замена. Голманот на Црниот тим бр.12 спремен е да го направи тоа како што му е побарано. Правилна одлука?
а) Без акција
б) Опомена за службеното лице А на Црниот тим
в) Опомена за службеното лице А на Црниот тим и голманот на бр.12
г) Опомена за голманот на Црниот тим бр.12

345. Играч на Белиот тим бр.4 извел шут на голот на Црниот тим. Топката ја удрила стативата и се враќа во правец на полето за игра. Играчот на Белиот тим бр.6 стои на линијата на голманскиот простор спремен да ја фати топката. Играчот на Црниот тим бр.4 јасно влегува во голманскиот простор и ја исфрла топката преку гол аут линијата. Која е правилната одлука?

а) Седмерец за Белиот тим
б) Аут за Белиот тим
в) Слободно фрлање за Белиот тим
г) Голманско фрлање за Црниот тим

346. Кога играчот на Белиот тим бр.3 изведува пенал, играчот на Белиот тим бр.5 ја пречекорува линијата на слободното фрлање по судиско свирење, а пред да топката ја напушти раката на изведувачот. Коректна одлука?
а) Повторување на пеналот
б) Слободно фрлање за Црниот тим
в) Голманско фрлање за Црниот тим
г) Прогресивно казнување на играчот на Белиот тим бр.5

347. Играчот на Белиот тим бр.9 стои потполно сам пред линијата на голманскиот простор на противникот, спремен да ја прими топката. Тоа го запазува неговиот соиграч бр.10 кој му ја додава топката која се одбила од голманскиот простор. Тоа го забележал играчот на Црниот тим бр.3 кој јасно влегува во својот голмански простор, ја застанува топката стоејќи со двете нозе внатре во голманскиот простор. Тоа е втор пат во играта тој да превзема ваква акција. Коректна одлука?
а) Слободно фрлање за Белиот тим
б) Седмерец за Белиот тим
в) Прогресивна исклучување за играчот на Црниот тим бр.3

348. Пивотот на Црниот тим бр.10 правилно го блокира одбранбениот тиграч на Белиот тим бр.2. Кога играчот на Црниот тим бр.10 спремен да се придвижи од блокот, неговиот соиграч бр.4 му ја фрла топката во празен простор, каде играчот бр.10 е во позиција да ја фати. Пред да играчот бр.10 ја прифати топката, играчот на Белиот тим бр.2 го повлекува за дресот. Одлука?
а) Слободно фрлање за Црниот тим
б) Седмерец за Црниот тим без оглед на положбата на противникот
